МЕРЕЊЕ НА ПОЛИТИЧКИ ШТЕТНИ НАРАТИВИ



ИЗВЕШТАЈ ЗА ПЕРИОДОТ
МАРТ 2024 - МАЈ 2024

Институт за комуникациски студии

ШТЕТ-НА

respublica

Наслов на публикацијата:
Мерење на политички штетни наративи (ШТЕТ-НА)
Извештај за периодот септември 2023 - февруари 2024

Издавач:
Институт за комуникациски студии
ул. „Јурij Гагарин“ 17-1-1, Скопје
www.iks.edu.mk

За издавачот:
вонр. проф. д-р Жанета Трајкоска

Едиција:
ResPublica

Автори:
Вонр. проф. д-р Жанета Трајкоска
Проф. д-р Елеонора Серафимовска
м-р Јорданка Черепналкова Трајкоска
Александра Теменугова
Проф. д-р Весна Шопар
м-р Бојан Георгиевски
м-р Михајло Лахтов
м-р Мила Стаменова
Проф. д-р Маријана Марковиќ
Асс. м-р Теа Конеска-Василевска
Дарко Малиновски
Владимир Делов

Уредник:
вонр. проф. д-р Жанета Трајкоска

Јазична редакција:
Проф. д-р Симона Груевска-Маџоска

Графички дизајн:
Ивана Темелкоска

Техничко уредување:
Дејан Јовески

Место и година:
Скопје, 2024

СОДРЖИНА

4 ВОВЕД

7 РЕЗИМЕ

7 Штетни наративи кај политички актери

9 Штетни наративи на ТВ

11 Штетни наративи во онлајн-медиуми

13 Сумирани куси споредби

14 ПОЛИТИЧКИ АКТЕРИ

15 Зачестеност на објави на политичките актери (политички партии и нивни лидери) со штетни наративи

21 Видови штетни наративи

22 Вид на објавите на политичките актери

23 Главна тема во објавите со штетни наративи

23 Како се претставуваат себеси политичките субјекти

25 ПОЕДИНЕЧНИ ПРОФИЛИ НА ПОЛИТИЧКИТЕ СУБЈЕКТИ

26 ВМРО-ДПМНЕ

27 ЛЕВИЦА

28 СДСМ

29 ДЕМОКРАТСКО ДВИЖЕЊЕ

30 АЛТЕРНАТИВА

31 ПОЕДИНЕЧНИ ПРОФИЛИ НА ПОЛИТИЧКИТЕ СУБЈЕКТИ

32 ДИМИТАР АПАСИЕВ, ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ЛЕВИЦА

33 ИЗЕТ МЕЦИТИ, ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ДЕМОКРАТСКО ДВИЖЕЊЕ

34 АФРИМ ГАШИ

35 Сличности и разлики помеѓу политичките субјекти во однос на штетните наративи

35 Споредба во однос на бројот на објави со штетни наративи

37 Споредба по број на штетни наративи

38 Споредба во однос на процентот на штетност

40 Споредба во однос на интензитетот на штетност

41 Споредба во однос на видот на доминантни штетни наративи

42 ЧЛЕНОВИ НА ВЛАДАТА

43 Зачестеност на објавите на членовите на Владата со штетни наративи

46 ТВ-СТАНИЦИ

46 Зачестеност на прилози на ТВ-станиците со штетни наративи

47 Зачестеност на штетни наративи и интензитет на штетност

48 Видови штетни наративи

48 Кој ги „произведува штетните наративи“ и како новинарите се однесуваат кон штетните наративи на политичките актери

49 Во што се „пакува“ штетниот наратив?

49 Главна тема во прилозите со штетни наративи

50 Извори

51 ПОЕДИНЕЧНИ ПРОФИЛИ НА ТВ-СТАНИЦИТЕ

52 ШТЕТНИ НАРАТИВИ НА МРТ1

53 ШТЕТНИ НАРАТИВИ НА МРТ2

54 ШТЕТНИ НАРАТИВИ НА КАНАЛ 5

55 ШТЕТНИ НАРАТИВИ НА СИТЕЛ

56 ШТЕТНИ НАРАТИВИ НА ТЕЛМА

57 ШТЕТНИ НАРАТИВИ НА АЛСАТ-М

58 ШТЕТНИ НАРАТИВИ НА АЛФА

59 ШТЕТНИ НАРАТИВИ НА ТВ 21

60 ШТЕТНИ НАРАТИВИ НА 24 ВЕСТИ

61 Сличности и разлики меѓу телевизиите во пренесувањето на штетните наративи

61 Споредба по број на прилози за 6 месеци

62 Споредби по интензитет на штетност на прилогот

62 Споредби по вид на штетни наративи

64 Споредба во однос на тоа кој го произведува наративот

65 Споредби помеѓу ТВ-станиците за односот на новинарот кон штетниот наратив на политичкиот субјект

67 ОНЛАЈН-МЕДИУМИ

68 Зачестеност на прилози на онлајн-медиумите со штетни наративи

68 Зачестеност на штетни наративи и интензитет на штетност

69 Видови штетни наративи

70 Кој ги произведува штетните наративи и како новинарите се однесуваат кон штетните наративи на политичките актери

71 Кој е најчесто користениот жанр на прилозите со штетен наратив

72 Главна тема во прилозите со штетни наративи

72 Извори

74 ПОЕДИНЕЧНИ ПРОФИЛИ НА ОНЛАЈН-МЕДИУМИТЕ

75 ШТЕТНИ НАРАТИВИ НА ТЕТОВА СОТ

76 ШТЕТНИ НАРАТИВИ НА АЛМАКОС

77 ШТЕТНИ НАРАТИВИ НА ВЕЧЕР.мк

78 ШТЕТНИ НАРАТИВИ НА КУРИР

79 ШТЕТНИ НАРАТИВИ НА РЕПУБЛИКА

80 ШТЕТНИ НАРАТИВИ НА НОВА ТВ

81 ШТЕТНИ НАРАТИВИ НА ЛОКАЛНО

82 ШТЕТНИ НАРАТИВИ НА НЕЗАВИСЕН

83 ШТЕТНИ НАРАТИВИ НА СЛОБОДЕН ПЕЧАТ

84 ШТЕТНИ НАРАТИВИ НА А1ОН МК

85 ШТЕТНИ НАРАТИВИ НА МКД.МК

86 Сличности и разлики меѓу онлајн-медиумите во однос на штетните наративи

86 Број на штетни наративи во прилозите за шест месеци

87 Споредби по интензитет на штетност

88 Споредби по вид на штетни наративи

89 Споредба во однос на тоа кој го произведува наративот

ВОВЕД



Истражувањето „Мерење на политички штетни наративи“ започна во септември 2023 година со цел да се утврди дали и како политичките актери во Македонија креираат, користат и споделуваат штетни наративи, како и која и каква е улогата на медиумите при известувањето за овие наративи, односно дали притоа ги применуваат професионалните и етичките новинарски вредности и стандарди.

Утврдената истражувачка методологија опфаќа следење и анализа на два сегмента:

- следење и анализа на наративите што ги креираат и ги споделуваат политичките актери во Македонија
- следење и анализа на медиумското известување за политичките актери и наративите што ги креираат и ги споделуваат преку медиумите.

Главна варијабла во двата сегмента на анализата е штетниот наратив. Дополнителните варијабли се однесуваат на политичките актери и политичката комуникација и на медиумите и медиумското професионално известување.

Додека анализата на политичките партии и на нивните лидери е фокусирана на утврдување на доминантните штетни наративи, на реторичките стратегии и техники, медиумскиот мониторинг дава одговор на тоа дали медиумите се придржуваат до професионалните и етичките стандарди за точно, правично и непристрасно информирање или, пак, беспоговорно ја следат агендата што ја диктираат политичките актери. Шестмесечниот пресек отсликува како се однесуваат политичките актери и медиумите во јавниот дискурс, што и како комуницираат кон јавноста, како се однесуваат кон јавноста, пред да се продолжи со истото темпо во наредниот период.

Истражувањето се реализира во рамките на проектот „Употреба на новинарство засновано на факти за подигање на свеста и спротивставување на дезинформациите во медиумскиот простор во Северна Македонија: Користи факти“, поддржан од Британската амбасада – Скопје.

Позначајни општествени случувања во периодот на одвивање на мониторингот

Меѓу главните настани од почетокот на мониторингот до овој пресек, кои послужија како „плодна почва за размножување“ на штетните наративи, ги издвојуваме следните позначајни општествени случувања: доцнење на печатењето на учебниците за учениците од трето и шесто одделение во основното образование и обелоденување на случајот со злоупотребата на лековите на Универзитетската клиника за онкологија и радиологија во Скопје. Последните два месеца од 2023 година беа во знакот на подготовките за формирање на преодната Влада, доставувањето на извештајот на Европската комисија за Македонија и изборот на судии во Апелациониот суд. Од почетокот на 2024 година, сè до крајот на февруари 2024 и крајот на шестмесечниот пресек за кој се зборува во овој извештај, меѓу случувањата во земјата доминираше изборот на членовите на преодната Влада и на техничкиот премиер.

Политички субјекти и медиуми кои се предмет на анализата

Политичките партии чии официјални интернет-страници и официјални страници/профили на Фејсбук беа следени и анализирани се: Алијанса за Албанците, Алтернатива, ВМРО-ДПМНЕ, Демократско движење, Демократска унија за интеграција (ДУИ), Левица, Либерално-демократска партија (ЛДП), Нова социјалдемократска партија (НСДП), Социјалдемократски сојуз на Македонија (СДСМ), Социјалистичка партија на Македонија (СПМ), односно нивните официјални интернет-страници. Покрај тоа, се следат официјалните страници/профили на Фејсбук на лидерите на политичките партии: Арбен Таравари, Африм Гаши, Али Ахмети, Изет Меџити, Христијан Мицковски, Димитар Апасиев, Моника Зајкова, Горан Мисовски, Љупчо Димовски, како и Димитар Ковачевски.

Примерокот на официјални страници/профили на Фејсбук на министрите го опфаќа владиниот состав од 1 септември до 28 јануари, вклучувајќи ги и членовите на преодната Влада од 28 јануари до 29 февруари. Тие се: Димитар Ковачевски, претседател на Владата, Талат Џафери, претседател на Владата, Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Бојан Марилиќ, заменик на претседателот на Владата задолжен за европски прашања, Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата задолжен за политики за добро владеење, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, Крешник Бектеши, министер за економија, Ристо Пенов, министер за локална самоуправа, Бујар Османи, министер за надворешни работи, Фатмир Бесими, министер за финансии, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, Славјанка Петровска, министерка за одбрана, Јетон Шаќири, министер за образование и наука, Јованка Тренчевска, министерка за труд и социјална политика, Ѓоко Велковски, министер за труд и социјална политика, Бисера Костадиновска Стојчевска, министерка за култура, Каја Шукова, министерка за животна средина и просторно планирање, Азир Алиу, министер за информатичко општество и администрација, Фатмир Меџити, министер за здравство, Кренар Лога, министер за правда.

Мониторингот на медиумското известување опфаќа следење и анализа на медиумското известување за наративите на политичките субјекти на: (1) информативните изданија (централни, главни вести) на вкупно 9 ТВ-станици: МТВ 1 (јавна), МТВ 2 (јавна, на албански јазик), Алфа ТВ (приватна), Канал 5 (приватна), Сител ТВ (приватна), ТВ 24 (приватна), Телма (приватна), Алсат М (приватна, на албански јазик), ТВ 21 (приватна, на албански јазик); и (2) информативните онлајн-медиуми: Вечер.мк, Локално, Независен, Слободен печат, А1он.мк, МКД.мк, Република, Курир, Алмакос, Тетова сот, Нова ТВ.

Предмет на анализа кај ТВ-станиците се сите прилози во централните вести во коишто се споменуваат политичките партии (со двајца или повеќе пратеници во актуелниот парламентарен состав), лидерите на овие политички партии, премиерот на Владата на РСМ, замениците на премиерот и на министрите во Владата на РСМ (кога зборуваат или се споменати во улога на претставници на политичка партија).



РЕЗИМЕ

ШТЕТНИ НАРАТИВИ КАЈ ПОЛИТИЧКИТЕ АКТЕРИ

Период на анализа: март - мај 2024 година

Следени денови: 46 денови

» Политичките партии имале вкупно 2920 објави од кои 307 (или процент на штетност: 10,5 %) се со штетни наративи, најмногу во април (43 %) и март (39 %). Споредено со претходниот шестмесечен период, **процентот на штетност во последното тромесечје е намален за 26,5 %** (во периодот септември 2023 – февруари 2024, процентот на штетност беше 37 %).

» Во тромесечниот (пред)изборен период ВМРО-ДПМНЕ (33 %), Левица (29 %) и СДСМ (21 %) се партиите со најголем број објави со штетни наративи. **И во претходниот шестмесечен период истите партии „воделе“** според бројот на објави со штетен наратив.

» Политичките лидери имале вкупно 327 објави, од кои 68 објави (или 20,8 %) со штетни наративи, најмногу во мај (43 %). Слично **и кај политичките лидери има намалување на процентот на штетност**, иако помало (од 29,6 % во претходниот период на 20,8 % во последното анализирано тромесечје). Претседателот на Левица, Димитар Апасиев има најголем број објави со штетни наративи, вкупно 32 (47 % од сите објави со штетен наратив на политичките лидери). **Апасиев и во шестмесечната анализа беше лидерот со најголем број објави со штетен наратив.**



ШТЕТНОСТ



КОЛКУ ја има?

Во 307 објави од политичките партии има 796 штетни наративи, што значи интензитетот на штетност е 2,6 или, во просек, 2 до 3 штетни наративи во една објава. Две партии имаат објави со најголем интензитет на штетност: Алтернатива (4) и Левица (3). **Споредено со шестмесечниот, Алтернатива е исто со најголем интензитет од 4, но на местото од Демократското движење, се искачува Левица** (претходно со интензитет 3,6).

Анализата на 68 објави пак од политички лидери покажа присуство на вкупно 166 штетни наративи. Најмногу во мај – 79 објави од 166 и кај Апасиев - 83 вкупно од 166. **Апасиев и во шестмесечниот бил „предводник"** според бројот на објави со штетен наратив.

КАКВА е?

По зачестеност, и кај политичките партии и кај лидерите се издвојуваат два штетни наратива: *пристрасно селектирање и поткопување на довербата во институциите на системот*. **Има менување на местата на овие два наратива**, споредено со анализата од претходните шест месеци, односно од прво место по зачестеност, наративот *Поткопување на довербата* во ова тромесечје е на второ, додека обратно се случува со **пристрасното селектирање, што во последното тромесечје е прв** најчесто користен штетен наратив. На трето место кај политичките лидери е штетниот наратив *напади на лична основа/демонизација*, додека кај политичките партии, трет по зачестеност е штетниот наратив *поттикнување поделби*. **Слична е поставеноста и во претходниот период за овие два наратива.**

КАКО се шири?

Најчестите форми преку кои политичките партии шират штетните наративи се: соопштенија за јавноста (29 %) и прес-конференции (25 %), како и интервјуа (18 %). **Сосема ист е редоследот на користени видови објави** кај соопштенијата и прес-конференциите кај политичките партии со претходниот шестмесечен период, иако со многу помал процент во последното тромесечје, а **интервјуата се „новитет"** во објавите на партиите во (пред)изборното тромесечје. Објавите на политичките лидери со штетен наратив најчесто се: реакции (31 % од објавите) и интервјуа (17 %). Реакциите биле на прво место и во шестмесечниот период, но, како и кај партиите, и **лидерите во ова тромесечје објавувале почесто свои интервјуа, што отсуствуваат во шестмесечниот** како вид објава.


ЗА ШТО/на што се однесува?

Околу 80 % од сите објави со штетен наратив и на политичките партии (76,2 %) и на политичките лидери (86,8 %) се на тема внатрешна политика. Но, и темите како корупција и криминал се појавуваат со одредена динамика во комуникацијата на политичките партии и нивните лидери со јавноста. **Речиси нема измена во темите во рамки на кои се продуцираат штетните наративи меѓу последното тромесечје и претходниот шестмесечен период.**

ШТЕТНИ НАРАТИВИ НА ТВ

Период на анализа: март - мај 2024 година

Следени денови: 24 денови



» Беа забележани вкупно 185 прилози со штетни наративи. Најмалку прилози се во текот на мај (во однос на март се бележи пад од 35 % - од 79 на 51 прилог). Во однос на шестмесечниот период, има намалување на бројот на прилози со штетен наратив во последното анализирано тромесечје од околу 20 % (во просек во шестмесечниот период, месечно кај телевизиите се забележани 81 прилог со штетен наратив, додека во тромесечјево, месечно во просек тој број изнесува 62 прилози). ТВ Алфа и во ова тромесечје е со најголем број прилози со штетни наративи - 61 прилог, иако споредено со шестмесечниот има намалување во просек од околу 30 %. МРТ 1 е телевизијата со најмал број прилози со штетен наратив (9 прилози), за разлика од претходните шест месеци кога била ТВ 24 со 15 прилози.

» За намаленото присуство на штетните наративи во информативните изданија треба да се земат предвид обврските кои ги имаат радиодифузерите според регулативата за време на изборни процеси (Изборниот законик, Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги), како и на редовните и вонредните мониторинзи од домашните и од странските набљудувачи, вклучително и медиумскиот регулатор, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

ШТЕТНОСТ

КОЛКУ ја има?

Анализата на содржината на 185 прилози потврди присуство на 318 штетни наративи, најмногу во март. Општиот интензитет на штетност изнесува 1,7, односно телевизиските станици во просек емитуваат по речиси два штетни наратива во еден прилог. Речиси ист е интензитетот на штетност од претходниот период (1,8).

КАКВА е?

Првите три најчесто споменувани штетни наративи во прилозите на главните вести на ТВ-станиците се: *поткопување на довербата во институциите, пристрасно селектирање и поттикнување поделби.* Понатаму, според зачестеноста, следат *нападите на лична основа*, како и *ширењето паника, страв и несигурност*. Во однос на претходниот шестмесечен период, има измена само во третопласираниот наратив – *поттикнување поделби* (претходно биле *нападите на лична основа* на трето место).

КАКО се шири?

Најчест жанр на токсичните прилози е извештајот или аналитичко-репортажниот прилог. Истите два жанра биле најчесто користени и во шестмесечниот период.

КОЈ ЈА ШИРИ?

Речиси 80 % (78,6 %) од штетните наративи присутни во прилозите ги креирале политичките актери, 13 % од штетните наративи ги „произвеле политичкиот актер и новинарот", а 8 % од штетните наративи во прилозите се произведени од новинарот. Сличен е сообносот и во претходниот шестмесечен период. Кај Телма, МТВ 2, Канал 5 и Алсат М нема штетни наративи произведени од новинарот.


Најчест однос на новинарот кон штетниот наратив произлезен од политичкиот субјект е тој да го пренесува штетниот наратив без каква било интервенција, и тоа е случај кај сите ТВ-станици. Алфа е единствената телевизија којашто речиси во 60 % го пренесува штетниот наратив со одобрување.

ЗА ШТО/на што се однесува? Вообичаено, главна тема во прилозите со штетен наратив е внатрешната политика.

ПРОФЕСИОНАЛНИ НОВИНАРСКИ СТАНДАРДИ:

- ➔ Изворите во телевизиските прилози речиси секогаш се прецизни.
- ➔ Во однос на бројот и страните на изворите во прилозите: доминираат прилози со едностранo информирање (60 %), иако при консултирањето извори над половина од прилозите имаат два или повеќе извори.

ШТЕТНИ НАРАТИВИ ВО ОНЛАЈН-МЕДИУМИ



Период на анализа: март - мај 2024 година

Следени денови: 24 денови

» Беа забележани вкупно 672 прилози со штетни наративи. Најмалку имало во мај (187), а најмногу во април (261). Постојат големи разлики во бројот на објавените прилози со штетен наратив: онлајн медиум со најмногу штетни прилози е Курир – 124 прилози, а онлајн медиум со најмалку објавени прилози со штетен наратив е Нова ТВ – 14 прилози.

ШТЕТНОСТ

КОЛКУ ја има?

Во 672 прилози потврдено е присуство на 1131 штетен наратив (се забележува намалување од 61 штетен наратив во просек на месечно ниво од претходниот период). Најголемо намалување се забележува кај Курир.

Општиот интензитет на штетност изнесува 1,7 (намалување од 2,1 во шестмесечниот на 1,7): онлајн медиумите во просек емитуваат по два штетни наратива во еден прилог. Слободен печат и Курир со највисок интензитет (2,3), а Алмакос со најнизок интензитет на штетност (1,1).

КАКВА е?

Првите три најчесто споменувани штетни наративи *се поткопување на довербата во институциите, пристрасно селектирање и напади на личноста*. Понатаму, според честотата следат и: *поттикнување поделби, популизам и ширење паника, страв и несигурност*.

КАКО се шири?

Формите преку кои се пренесува штетниот наратив, гледано генерално на ниво на сите 11 анализирани онлајн медиуми, се или *пренесено соопштение од политичките партии или пак пренесен говор на некој политичар*.


КОЈ ЈА ШИРИ?

Над 87 % од штетните наративи се произведени само од политичкиот актер, 5 % од штетните наративи ги произведува само новинарот, 8 % се произведени од двајцата.

Најчест однос на новинарот кон штетниот наратив произведен од политичкиот субјект е тој да го пренесува штетниот наратив без каква било интервенција и тоа е случај со 62 % од штетните наративи; во 25 % од случаите кога се пренесува штетен наратив новинарот јасно го истакнува, но не зазема став, а дури во 11 % од случаите новинарот и **го одобрува** присутниот штетен наратив во прилогот.

ЗА ШТО/на што се однесува?

Доминира внатрешната политика како главна тема на прилозите со штетен наратив со 80 %.



ПРОФЕСИОНАЛНИ НОВИНАРСКИ СТАНДАРДИ

- Изворите во прилозите на онлајн медиумите се најчесто (90 %) прецизни.
- Во однос на бројот и страните на изворите во прилозите: убедливо доминираат оние прилози со еден извор (85 %) и следствено – извори само од една страна (90 %); потоа следат оние прилози со два извора, односно прилози со извори од две страни (5 %) и оние прилози со три и повеќе извори (5 %), односно прилози со извори од 3 и повеќе страни.

СУМИРАНИ КУСИ СПОРЕДБИ

	СЕПТЕМВРИ 2023 – ФЕВРУАРИ 2024	МАРТ – МАЈ 2024
Анализиран субјект	**Прилози/објави со штетен наратив/и**	
Политички партии	797 - ВО ПРОСЕК ПО 133 МЕСЕЧНО	↓ 307 – ВО ПРОСЕК 102 МЕСЕЧНО
Лидери на политички партии	87 - ВО ПРОСЕК ПО 15 МЕСЕЧНО	↑ 68 – ВО ПРОСЕК ПО 23 МЕСЕЧНО
ТВ-станици	484 - ВО ПРОСЕК ПО 81 МЕСЕЧНО	↑ 185 – ВО ПРОСЕК ПО 62 МЕСЕЧНО
Онлајн-медиуми	1236 - ВО ПРОСЕК ПО 206 МЕСЕЧНО	↓ 673 – ВО ПРОСЕК ПО 224 МЕСЕЧНО
Анализиран субјект	**Вкупен број пренесени штетни наративи**	
Политички партии	2573 - ВО ПРОСЕК ПО 429 МЕСЕЧНО	↓ 796 – ВО ПРОСЕК ПО 265 МЕСЕЧНО
Лидери на политички партии	294 - ВО ПРОСЕК ПО 49 МЕСЕЧНО	↑ 166 – ВО ПРОСЕК ПО 55 МЕСЕЧНО
ТВ-станици	879 - ВО ПРОСЕК ПО 147 МЕСЕЧНО	↓ 318 – ВО ПРОСЕК ПО 106 МЕСЕЧНО
Онлајн-медиуми	2631 - ВО ПРОСЕК ПО 439 МЕСЕЧНО	↓ 1131 – ВО ПРОСЕК ПО 377 МЕСЕЧНО
Анализиран субјект	**Интензитет на штетност**	
Политички партии	3 (три штетни наративи во објава)	↓ 2,59 (два до три штетни наративи во објава)
Лидери на политички партии	4 (четири штетни наративи во објава)	↓ 2,44 (два штетни наратива во објава)
ТВ-станици	1,8 (речиси два штетни наратива во прилог)	↓ 1,7 (речиси два штетни наратива во објава)
Онлајн-медиуми	2,1 (два штетни наратива во објава)	↓ 1,7 (речиси два штетни наратива во објава)
Анализиран субјект	**Најчести штетни наративи**	
Политички партии	*Поткопување на довербата во институциите на системот* и *Пристрасно селектирање*.	Поткопување на довербата во институциите
	Речиси со иста фреквенција се и *Нападите на личност/ демонизација*; *Поттикнувањето поделби* и *Популизмот*	Пристрасно селектирање Поттикнување поделби
Лидери на политички партии	*Поткопување на довербата во институциите на системот* и *Пристрасно селектирање*.	Пристрасно селектирање
	Речиси со иста фреквенција се и *Нападите на личност/ демонизација*; *Поттикнувањето поделби* и *Популизмот*	Поткопување на довербата во институциите Напади на лична основа
ТВ-станици	*Поткопување на довербата во институциите, Пристрасно селектирање, Напади на лична основа*	Исто пристрасно селектирање, поткопување на довербата во институциите; речиси исто напади на лична основа и поттикнување поделби; ширење паника, страв и несигурност
Онлајн-медиуми	*Поткопување на довербата во институциите, Пристрасно селектирање, Напади на лична основа*	Поткопување на довербата во институциите; Пристрасно селектирање; речиси исто поттикнување поделби и напади на лична основа
Анализиран субјект	**Најчеста тема на која се однесува штетниот наратив/и**	
Политички партии	Внатрешна политика – 66,5 %	↑ Внатрешна политика – 76 %
Лидери на политички партии	Внатрешна политика – над 80 %	↑ Внатрешна политика – 87 %
ТВ-станици	Внатрешна политика – 60,1 %	↑ Внатрешна политика – 82 %
Онлајн-медиуми	Внатрешна политика – 64,4 %	↑ Внатрешна политика – 81 %

ПОЛИТИЧКИ АКТЕРИ



Предмет на следење и анализа се 10-те политички партии и нивните лидери. Овие партии паралелно се следат на нивните официјални интернет-страници и фејсбук-профили. Лидерите на политичките партии се следат на нивните фејсбук-профили. Детални информации за примероците на мониторингот се достапни во описот на методологијата на истражувањето.

До крајот на јануари беа следени и фејсбук-профилите на премиерот, замениците на премиерот и министрите во Владата, а од крајот на јануари, со формирањето на преодната Влада за спроведување на изборите, започна следењето и на фејсбук-профилите на премиерот на преодната Влада Талат Џафери и новите министри – министерот за внатрешни работи, Панче Тошковски, како и министерот за труд и социјална политика, Ѓоко Велковски.

Мониторингот се извршуваше секој последователен трет и четврти ден. Севкупно, во периодот март – мај 2024 година, мониторингот на официјалните страници на политичките актери опфати 46 денови.


По завршувањето на претседателските и на парламентарните избори, се конституираше новиот парламентарен состав и новата Влада на РСМ.




Зачестеност на објави на политичките актери (политички партии и нивни лидери) со штетни наративи

ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ

Во периодот март - мај 2024 година, забележани се вкупно 307 објави со штетни стории, наративи, од кои 90 објави се појавиле само на фејсбук-профилите на партиите, 114 само на официјалните интернет-страници на партиите, а 103 истовремено и на нивните фејсбук-профили и на официјалните интернет-страници.




Слика бр. 1 Приказ на вкупниот број објави со штетен наратив на политичките партии



Слика бр. 2 Приказ на вкупниот број објави на политичките партии на нивните интернет-страници и фејсбук-профили

ПОЛИТИЧКИ ЛИДЕРИ

Во периодот од март до мај 2024 година беа мониторирани и анализирани содржините објавени на фејсбук-профилите на политичките лидери во текот на 46 денови. Беа забележани вкупно 68 објави со штетни наративи, најмногу во мај (29).



Слика бр. 3 Приказ на вкупниот број објави на политичките лидери на нивните ФБ-профили

АНАЛИЗА НА ШТЕТНОСТА НА ОБЈАВИТЕ

Подолу се претставени три аспекта на анализата на штетност:


1. Првиот аспект е **зачестеноста на штетните наративи**, а тоа е вкупниот број објави со штетни наративи

2. Вториот аспект е **процентот на штетност**, а тоа е процентот на објави со штетен наратив од вкупниот број објави на политичкиот субјект (на пример, ако во текот на денот политичкиот субјект има 10 објави, од кои 7 се со штетен наратив, процентот на штетност на тој политички субјект е 70 %)

3. Третиот аспект е **интензитет на штетноста,** а тоа е бројот на штетни наративи во една објава (на пример, ако во текот на денот политичкиот субјект има една објава во која се пренесуваат три штетни наративи, тогаш тоа значи дека интензитетот на штетност е 3).


ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ

Во 307 објави од политичките партии има 796 штетни наративи (114 штетни наративи се забележани на интернет-страниците на партиите, 90 на нивните фејсбук-профили, додека 103 се забележани на двата канала за комуникација со јавноста). Најмногубројни се во април (во текот на предизборните кампањи) и бележи значителен пад во мај.



Слика бр. 4 Колку пати политичките партии произвеле штетни наративи по месеци


Ако се анализира процентот на штетност по месеци, пак, трендот на движење на тој процент е нагорен, и покрај падот на објавите со штетен наратив во текот на мај:



Слика бр. 5 Процент на штетност по месеци

Процентот на штетност, гледан по месеци, се движи од 7,5 % (во март) до речиси 17 % (во мај). Гледано збирно за три месеци, **околу 11 % од сите објави на сите политички партии на нивните интернет-страници и фејсбук-профили се со штетен наратив.**


Во однос на интензитетот на штетност во објавите, може да се каже дека во континуитет расте од март до мај, од 2,4 до 3,4, така што во просек се движел од два (2) штетни наратива во една објава во март до три (3) штетни наративи во една објава во мај. Се чини штетната реторика растела во текот на изборниот и особено по изборниот период. Најголем удел во интензитетот на штетноста имаат Алтернатива (4) и Левица (3).



Слика бр. 6 Интензитет на штетност по месеци


ПОЛИТИЧКИ ЛИДЕРИ

Анализата на 68-те објави, пак, од политичките лидери покажа присуство на вкупно 166 штетни наративи. Кај политичките лидери бројот на објави со штетен наратив бележи постојан раст, позначителен од март до април и поблаг во мај, кога е и најголем бројот (79).



Слика бр. 7 Фреквенција на штетни наративи на политичките лидери по месеци


Ако се анализира процентот на штетност по месеци, трендот на движење на тој процент е следен:



Слика бр. 8 Процент на објави со штетен наратив од вкупните објави на политичките лидери по месеци

Процентот на штетност, гледан по месеци, бележи пад во април (од 22 % во март на 16 %), за потоа повторно да се искачи до 27 %, во мај. Гледано збирно за три месеци, изнесува 21 % за сите политички лидери или е**дна петина од сите објави на политичките лидери на Фејсбук биле со штетен наратив.**


Анализата на интензитетот на штетност на политичките лидери по месеци покажува дека тој интензитет е релативно ист, движејќи се во просек од 2,2 до 2,7 штетни наративи во/по објава.



Слика бр. 9 Интензитет на штетност по месеци

ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ


Зборувајќи за сите политички партии, се издвојуваат два најчесто користени штетни наративи: *пристрасно селектирање и поткопување на довербата во институциите на системот*. Понатаму, речиси со иста фреквенција се и *поттикнувањето поделби; нападите на личност/демонизација и популизмот*. Како трета група штетни наративи што се појавиле кај политичките партии почесто во текот на април и мај, а кои во претходниот период не се појавуваа или сосема ретко, *се ширење страв, паника и несигурност и странско влијание*.



Слика бр. 10 Фреквенција на различните видови штетни наративи пренесени од политичките партии

ПОЛИТИЧКИ ЛИДЕРИ

И кај политичките лидери состојбата е речиси идентична: по фреквентност се издвојуваат три штетни наративи: *поткопување на довербата во институциите, пристрасно селектирање и напади на личност/демонизација*. Потоа следат *популизмот, поттикнувањето поделби и говорот на омраза*, кои се особено засилени во текот на мај.




Слика бр. 11 Фреквенција на различните видови штетни наративи пренесени од политичките лидери

Вид на објавите на политичките актери

ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ


Анализата на формите преку кои се шират штетни наративи покажува дека доминира еден вид: пренесени соопштенија од политичките партии (43 %), далеку помалку следат прес-конференциите од политичките партии (19 %) и говорот (13 %).



Слика бр. 12 Вид објава со штетен наратив на политичките партии

ПОЛИТИЧКИ ЛИДЕРИ

Објавите на политичките лидери со штетен наратив најчесто се реакции (30 %), па говор (13 %), па дури потоа соопштенија за медиуми (9 %). 31 % од објавите се во друга форма, а тоа се најчесто „видеорилсови“ од обраќања на митинзи или изјави и интервјуа, манипулирани визуелни и видеосодржини, како и кратки фејсбук-статуси.



Слика бр. 13 Вид објава со штетен наратив на политичките лидери

Главна тема во објавите со штетни наративи

ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ

Речиси четири петини (76 %) од сите објави со штетен наратив на политичките партии се на темата внатрешна политика. Темите поврзани со корупција (5 %), криминал (5 %) и економија (4 %) се појавуваат далеку помалку во комуникацијата на политичките партии со јавноста.

ПОЛИТИЧКИ ЛИДЕРИ


Кај политичките лидери процентот на објави со штетни наративи на тема внатрешна политика е 87 %. Од темите за внатрешната политика најчесто се зборувало за критика и напади кон политичките опоненти, со обвинувања за корупција, и реакции за нивни изјави или постапки, но и пренесување на партиски содржини и промовирање на сопствената партија и понуда.

Инцидентни се објавите со штетни наративи на сите други теми.

Како се претставуваат себеси политичките субјекти

ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ

Во 121 од вкупно 307 (39 %) објави со штетни наративи на политичките партии на нивните интернет-страници и ФБ-профили, партиите немале посебна намера да се претстават себеси во некое светло, освен, веројатно, само да ги критикуваат своите политички противници. Во останатите 61 % од објавите се претставиле на следниов начин:




Слика бр. 14 Слика на себепретставување на политичките партии во објавите со штетен наратив

Партиите во својата комуникација со граѓаните најчесто ја праќаат пораката дека на народот му треба некој да го спаси, па во објавите себеси се претставуваат дека токму тие се спасителите, но и дека се ориентирани кон „европскиот“ пат. Освен како спасители и ориентирани кон ЕУ, често партиите се прикажуваат дека тие се оние кои го бранат народот, идентитетот, како и дека се во улога на бранители на правдата во државата. Многу ретко политичките партии се прикажуваат дека се транспарентни како дел од нивниот профил.

ПОЛИТИЧКИ ЛИДЕРИ

Во 29 % од објавите политичките лидери немале некоја посебна намера да се претставуваат себеси, а во останатите 71 % се претставуваат себеси на следниот начин:



Слика бр.15 Слика на себепретставување на политичките лидери во објавите со штетен наратив

За разлика од партиите чии лидери се, тие себеси многу почесто (над половина од случаите на себеприкажување) се прикажуваат како спасители, а потоа и бранители на народот и идентитетот (повеќе од третина од случаите на себеприкажување). Исто така, за разлика од реториката на нивните политички партии, лидерите многу поретко се претставуваат себеси како ориентирани кон ЕУ.

ПОЕДИНЕЧНИ ПРОФИЛИ НА ПОЛИТИЧКИТЕ СУБЈЕКТИ


ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ

Од вкупно 307 објави на политичките партии што тие ги објавиле на сопствената интернет-страница и на сопствениот фејсбук-профил, 255 или 83 % се на трите партии: ВМРО-ДПМНЕ (102 објави), Левица (90 објави) и СДСМ (63 објави). Потоа, со значително помалку објави е ДУИ (29) и Алтернатива (12) со штетни наративи за 3 месеци. Оттука, токму овие пет партии ќе бидат прикажани посебно.



ВКУПЕН БРОЈ ОБЈАВИ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ НА ИНТЕРНЕТ-СТРАНИЦАТА И ФЕЈСБУК-ПРОФИЛОТ НИЗ МЕСЕЦИТЕ

За 3 месеци:
102 објави, во кои се детектирани
11 видови штетни наративи спомнати 266 пати.



Просечен процент на штетност:
7,3 % од објавите содржат штетен наратив.

Просечен интензитет на штетност:
2,6 штетни наративи по објава


НАЈЧЕСТИ ШТЕТНИ НАРАТИВИ

ВМРО-ДПМНЕ за 3 месеци во 102 објави пренела штетни наративи 266 пати




ВИДОВИ ОБЈАВИ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ

Најчести теми со штетни наративи



54 % - внатрешна политика
11 % - корупција
11 % - криминал
7 % - економија
6 % - здравство
5 % - надворешна политика
7 % - останати теми

Видови објави со штетен наратив



Соопштение за медиуми – 36 %
Прес конференција - 28 %
Говор - 13 %
Изјава – 8 %
Останати видови објави – 15 %

За кого и колку пати се зборува во прилозите со штетен наратив?

За сите, без исклучок, негативно!




Актерите ги именуваат како:


1. ВЛАДА/ВЛАСТ – 43 пати, „корумпирана“ „криминална“, „банда“, „владата на ДУИ и СДС“
2. СДСМ – 41 пат, нарекувани „СДС“, „измеќари на ДУИ“
3. Стево Пендаровски – 37 пати, нарекуван „поранешен претседател“, „нем набљудувач“, „женомрзец“,
4. Димитар Ковачевски 19 пати, не е именуван поинаку

Како се претставува партијата во своите објави?

Во 69 % од објавите не се претставуваат со посебна намера.
Во 31 % од објавите се претставуваат со намера, и тоа од нив:




Во 66 % се претставуваат како спасители
Во 34 % се претставуваат како бранители на правда
Во 31 % се претставуваат како бранители на народ



Во 25 % се претставуваат како бранители на идентитетот
Во 6 % се претставуваат како транспарентни
Во 3 % се претставуваат како ориентирани кон ЕУ

ВКУПЕН БРОЈ ОБЈАВИ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ НА ИНТЕРНЕТ-СТРАНИЦАТА И ФЕЈСБУК-ПРОФИЛОТ НИЗ МЕСЕЦИТЕ

За 3 месеци:
90 објави, во кои се детектирани
10 видови штетни наративи спомнати 272 пати




Просечен процент на штетност:
25 % од објавите содржат штетен наратив.

Просечен интензитет на штетност:
3 штетни наративи по објава.


НАЈЧЕСТИ ШТЕТНИ НАРАТИВИ

Левица за 3 месеци во 90 објави
пренела штетни наративи 272 пати




ВИДОВИ ОБЈАВИ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ

Најчести теми со штетни наративи



Внатрешна политика – 82 %
Економија – 7 %
Криминал – 3 %
Останати теми – 8 %

Видови објави со штетен наратив



Соопштение за медиуми – 41 %
Говор 24 %
Интервју – 19 %
Изјава – 7 %
Реакција 4 %
Останатите видови објави – 5 %

За кого и колку пати се зборува во прилозите со штетен наратив?

За сите, без исклучок, негативно!



Актерите ги именуваат како:


1. СДСМ - 19 пати нарекувани „СДС“, „безначаен партнер на ДУИ“, „лажни социјалдемократи“, „буржујска партија“, „шизофрена партија“, „транзициски клептомани“, „квислинзи“, „СДС на Нашата земја“, „дебелогазец“ (за вицепремиерот Б. Маричиќ)
2. ВМРО-ДПМНЕ – 16 пати нарекувани „ДПМНЕ“, „лажна опозиција“, „буржујска партија“, „лажни патриоти“, „милионери“, „шизофрена партија“, „неоврховисти од ДПМНЕ“,
3. ДУИ – 13 пати нарекувани „чудовиште“, „Учки“, „необалисти“, „недоквакани вмроиди“, „гниди вмроидни“, „вмроиди“
4. ЛОКАЛНА ВЛАСТ/ОПШТИНИ НА ВМРО ДПМНЕ – 11 пати
5. ВЛАСТ/ВЛАДА - 10 пати „влада на СДС и ДУИ“, „криминална влада на СДС и ДУИ“, „ненародна власт“, „Влада во заминување“„ДПМНЕ-СДС-ДУИ“

Како се претставува партијата во своите објави?

Во 31 % од објавите објави, не се претставуваат со посебна намера
Во 69 % од објави се претставуваат со намера, и тоа од нив:




Во 50 % се претставуваат како спасители
Во 37 % како бранители на народот



Во 2 % како бранители на правдата
Во 18 % како бранители на идентитетот

ВКУПЕН БРОЈ ОБЈАВИ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ НА ИНТЕРНЕТ-СТРАНИЦАТА И ФЕЈСБУК-ПРОФИЛОТ НИЗ МЕСЕЦИТЕ

За 3 месеци:
63 објави, во кои се детектирани
6 видови штетни наративи спомнати 156 пати.




Просечен процент на штетност:
6,8 % од објавите содржат штетен наратив

Просечен интензитет на штетност:
2,5 штетни наративи по објава.


НАЈЧЕСТИ ШТЕТНИ НАРАТИВИ

СДСМ за 3 месеци во 63 објави
пренела штетни наративи 156 пати




ВИДОВИ ОБЈАВИ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ

Најчести теми со штетни наративи



Внатрешна политика 97 %
Надворешна политика – 3 %


Видови објави со штетен наратив



Соопштение за медиуми – 60 %
Прес конференција – 25 %
Говор – 3 %
Друго – 12 %

За кого и колку пати се зборува во прилозите со штетен наратив?

За сите, без исклучок, негативно!



Актерите ги именуваат како:


1. ВМРО-ДПМНЕ – 53 пати, нарекувана „ДПМНЕ“ (н.з. без ВМРО), „ВМРО“, „ВМРО-МВРО“
2. Гордана Силјановска-Давкова – 22 пати, не е нарекувана поинаку“
3. Христијан Мицкоски –19 пати, не е нарекуван поинаку

Како се претставува партијата во своите објави?

Во 35 % од објавите се претставуваат без посебна намера
Во 65 % од објавите се претставуваат со намера, и тоа од нив:



Во 78 % се претставуваат како ЕУ ориентирани
Во 29 % се претставуваат како спасители
Во 20 % се претставуваат како бранители на народ




Во 20 % се претставуваат како бранители на правда
Во 10 % се претставуваат како транспарентни
Во 5 % се претставуваат како бранители на идентитетот

ДЕМОКРАТСКА УНИЈА ЗА ИНТЕГРАЦИЈА (ДУИ)

ВКУПЕН БРОЈ ОБЈАВИ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ НА ИНТЕРНЕТ-СТРАНИЦАТА И ФЕЈСБУК-ПРОФИЛОТ НИЗ МЕСЕЦИТЕ

За 3 месеци:
29 објави, во кои се детектирани
5 видови штетни наративи спомнати 36 пати



Просечниот процент на штетност:
19,5 % од објавите содржат штетен наратив

Просечен интензитет на штетност:
1 (1,2) штетен наратив по објава


НАЈЧЕСТИ ШТЕТНИ НАРАТИВИ

ДУИ за 3 месеци
во 29 објави пренела штетни наративи 36 пати




ВИДОВИ ОБЈАВИ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ

Најчести теми со штетни наративи



100 % - Внатрешна политика

Видови објави со штетен наратив



Соопштение за медиуми – 45 %
Реакција – 17 %
Прес конференција – 14 %
Интервју – 14 %
Останато – 10 %

За кого и колку пати се зборува во прилозите со штетен наратив?

За сите, без исклучок, негативно!




Актерите ги именуваат како:


1. ВМРО - ДПМНЕ – 17 пати
2. Албанска опозиција – 16 пати
3. Христијан Мицкоски – 5 пати
4. Левица – 4 пати
5. Арбен Таравари – 3 пати

Како се претставува партијата во своите објави?

Во 100 % од објавите се претставуваат со намера, и тоа од нив:



Во 48 % од објавите се претставуваат како бранители на идентитетот
Во 34 % се претставуваат како ориентирани кон ЕУ
Во 24 % се претставуваат како транспарентни




Во 21 % се претставуваат како бранители на народот
Во 21 % се претставуваат како бранители на правда
Во 3 % се претставуваат како спасители

АЛТЕРНАТИВА

ВКУПЕН БРОЈ ОБЈАВИ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ НА ИНТЕРНЕТ-СТРАНИЦАТА И ФЕЈСБУК-ПРОФИЛОТ НИЗ МЕСЕЦИТЕ

За 3 месеци:
12 објави, во кои се детектирани
9 видови штетни наративи спомнати 49 пати



Просечниот процент на штетност:
25 % од објавите содржат штетен наратив

Просечен интензитет на штетност:
4 штетни наративи по објава


НАЈЧЕСТИ ШТЕТНИ НАРАТИВИ

Алтернатива за 3 месеци
во 12 објави пренела штетни наративи 49 пати




ВИДОВИ ОБЈАВИ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ

Најчести теми со штетни наративи



Внатрешна политика 59 %
Корупција – 25 %
Криминал и образование – по 8%

Видови објави со штетен наратив



Соопштение за медиуми – 50%
Прес конференција – 25 %
Друго – 25 %

За кого и колку пати се зборува во прилозите со штетен наратив?



Актерите ги именуваат како:

1. ДУИ – 6 пати, нарекувани „корумпирана елита“, „корумпирана власт“, „корумпираната власт на ДУИ“, „ДУИ Лотарија“, „кланот Ахмети“, „Мултиетнички фронт“
2. Али Ахмети – 4 пати нарекуван „лицемерен“

Како се претставува партијата во своите објави?



Во 36 % се претставуваат како спасители
Во 36 % се претставуваат како бранители на правдата
Во 36 % се претставуваат како ориентирани кон ЕУ

Во 27 % се претставуваат како бранители на народот
Во 9 % се претставуваат како транспарентни

ПОЕДИНЕЧНИ ПРОФИЛИ НА ПОЛИТИЧКИТЕ СУБЈЕКТИ

ПОЛИТИЧКИ ЛИДЕРИ

Од вкупно 68 објави на политичките лидери што тие ги објавиле на сопствениот фејсбук-профил, 59 или 87 % се на трите лидери: Димитар Апасиев од Левица (32 објави – 47 %), Изет Меџити од Демократско движење (17 објави – 25 %) и Африм Гаши од Алтернатива (10 објави - 15 %). Потоа, со 4 објави со штетни наративи е Али Ахмети од ДУИ, со 3 такви објави е Арбен Таравари од Алијанса на Албанците и со 2 објави со штетни наративи е Христијан Мицкоски од ВМРО-ДПМНЕ. Оттука, гореспоменатите три политички лидери ќе бидат прикажани посебно.






ДИМИТАР АПАСИЕВ, ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ЛЕВИЦА



ВКУПЕН БРОЈ ОБЈАВИ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ НА ИНТЕРНЕТ-СТРАНИЦАТА И ФЕЈСБУК-ПРОФИЛОТ НИЗ МЕСЕЦИТЕ

За 3 месеци:
32 објави со штетен наратив на неговиот фејсбук-профил.



Просечен процент на штетност:
24 % од објавите имаат штетен наратив

Просечен интензитет на штетност:
2,6 штетни наративи по објава

НАЈЧЕСТИ ШТЕТНИ НАРАТИВИ

Д. Апасиев за три месеци во 32 објави пренел штетни наративи 83 пати




ВИДОВИ ОБЈАВИ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ

Видови објави со штетен наратив



Најчести теми со штетни наративи



За кого и колку пати се зборува во прилозите со штетен наратив?

8 ПАТИ ВМРО ДПМНЕ

2 ПАТИ Димитар Ковачевски

2 ПАТИ Христијан Мицкоски

Актерите ги именуваат како:

1. ВМРО-ДПМНЕ – 8 пати, нарекувани „ДПМНЕ“, „Вмроиди“, „гниди“
2. Димитар Ковачевски – 2 пати, нарекуван „Таче“, „млитав“, „октроираниот премиер“
3. Христијан Мицкоски – 2 пати, нарекуван „војвода“, „Мицика“, „Жмицко“

Како се претставува политичкиот актер во своите објави?

Во 53 % од објавите, не се претставува со посебна намера

Во 47 % од објавите се претставува со намера, и тоа од нив:



во 64 % се претставува како спасител
во 21 % се претставува како бранител на народ

во 14 % се претставува како бранител на идентитетот




ИЗЕТ МЕЦИТИ, ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ДЕМОКРАТСКО ДВИЖЕЊЕ



ВКУПЕН БРОЈ ОБЈАВИ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ НА ИНТЕРНЕТ-СТРАНИЦАТА И ФЕЈСБУК-ПРОФИЛОТ НИЗ МЕСЕЦИТЕ

За 3 месеци:
17 објави со штетен наратив на неговиот фејсбук-профил.



Просечен процент на штетност:
21 % од објавите имаат штетен наратив

Просечен интензитет на штетност:
2,7 штетни наративи по објава


НАЈЧЕСТИ ШТЕТНИ НАРАТИВИ

И. Мецити за 3 месеци
во 17 објави пренел штетни наративи 46 пати




ВИДОВИ ОБЈАВИ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ

Видови објави со штетен наратив



Друго – 76 %
Говор – 12 %
Реакција и Прес конференција – по 6 %

Најчести теми со штетни наративи



Внатрешна политика – 71 %
Корупција – 12 %
Криминал – 12 %
Економија – 6 %

За кого и колку пати се зборува во прилозите со штетен наратив?



Актерите ги именуваат како:


1. ДУИ – 11 пати
2. Али Ахмети – 3 пати
3. Европски фронт – 2 пати (нарекуван „Мултиетнички фронт“)

Како се претставува политичкиот актер во своите објави?

Во 6 % од објавите, не се претставува со посебна намера
Во 94 % од објавите се претставува со намера, и тоа од нив:



во 63 % се претставува како спасител
во 38 % се претставува како бранител на народ
во 31 % се претставува на друг начин



во 19% се претставува како бранител на идентитет
во 13% се претставува како бранител на правда
во 13 % се претставува како ориентиран кон ЕУ




АФРИМ ГАШИ



ВКУПЕН БРОЈ ОБЈАВИ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ НА ИНТЕРНЕТ-СТРАНИЦАТА И ФЕЈСБУК-ПРОФИЛОТ НИЗ МЕСЕЦИТЕ

За 3 месеци:
10 објави со штетен наратив на неговиот фејсбук-профил.



Просечен процент на штетност:
44% од објавите имаат штетен наратив

Просечен интензитет на штетност:
2,6 штетни наративи по објава


НАЈЧЕСТИ ШТЕТНИ НАРАТИВИ

А. Гаши за три месеци
во 10 објави пренел штетни наративи 26 пати



ВИДОВИ ОБЈАВИ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ

Видови објави со штетен наратив



Најчести теми со штетни наративи



За кого и колку пати се зборува во прилозите со штетен наратив?



Актерите ги именуваат како:


1. ДУИ – 5 пати
2. Али Ахмети – 3 пати,
3. Бујар Османи – 3 пати нарекуван „портпаролот на Али Ахмети“
4. Артан Груби – 2 пати

Како се претставува политичкиот актер во своите објави?

Во 100 % од објавите се претставува со намера и тоа од нив, како:



Бранител на народот – во 50% од објавите
Бранител на идентитетот – во 40% од објавите
Спасител – во 40 % од објавите




Ориентиран кон ЕУ –во 30% од објавите
Бранител на правдата – во 10 % од објавите
На друг начин – во 20 % од објавите

Сличности и разлики помеѓу политичките субјекти во однос на штетните наративи

Споредба во однос на бројот на објави со штетни наративи

ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ

Во периодот од март до мај 2024 година, беа забележани вкупно 307 објави со штетни наративи. Разликата во бројот на објави со штетни наративи помеѓу политичките партии е голема.




Слика бр. 16 Слика Број на објави со штетен наратив според политичка партија

Како и во севкупниот анализиран период, повторно политичките партии ЛДП и Социјалистичка партија, како и Нова социјалдемократска партија воопшто немале објави со штетен наратив на своите интернет-страници и фејсбук-профили. Од оние кај кои се забележани објави со штетен наратив, има политички партии кои на своите интернет-страници и фејсбук-профили имаат релативно малку објави, како што се Демократското движење и Алијанса на Албанците. Умерено објавуваат политичките партии Алтернатива и ДУИ. ВМРО-ДПМНЕ е единствената којашто има над 100 објави со штетен наратив (102 објави) во овој тримесечен период, додека со над 50 објави со штетни наративи се СДСМ (63 објави) и Левица (90).

ПОЛИТИЧКИ ЛИДЕРИ

Во истиот период на следење и анализа кај политичките лидери беа забележани вкупно 68 објави со штетни наративи, при што отскокнува само еден политички актер: Димитар Апасиев.



Слика бр. 17 Број на објави со штетен наратив според лидер

Мониторингот во изминатиот тримесечен период покажал дека кај лидерите на помалите политички партии како Моника Зајкова (ЛДП), Горан Мисовски (НСДП) и Љупчо Димовски (СПМ), но и на лидерот на партијата која до изборите беше на власт, Димитар Ковачевски (СДСМ), не се забележани објави кои содржат штетни наративи. Политичари кои во следеното тромесечје објавувиле релативно мал број информации со штетни наративи се Христијан Мицкоски, Арбен Таравари и Али Ахмети.

Споредба по број на штетни наративи


ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ



Слика бр. 18 Колку пати употребиле штетни наративи според политичка партија

Од вкупно 796 пати употребени штетни наративи, 694 или 87 % се пренесени од трите политички партии: Левица, ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ.

ПОЛИТИЧКИ ЛИДЕРИ




Слика бр. 19 Колку пати се употребиле штетни наративи според лидер на политичката партија

Слична е состојбата со зачестеноста на штетните наративи на лидерите како со нивните партии – лидерот на партијата Левица, која е на врвот на партиите според тоа колку пати употребила штетен наратив, е исто така далеку пред останатите лидери во пренесување штетни наративи. Заедно со лидерите Изет Меџити и Африм Гаши, Димитар Апасиев чинат 93 % (155 пати пренесени штетни наративи од вкупно 166) од вкупниот број штетни наративи меѓу лидерите. Лидерите на ВМРО-ДПМНЕ, Христијан Мицкоски и на Алијанса на Албанците – Арбен Таравари, во текот на трите месеци пренел три пати штетен наратив, во просек по еднаш во месецот.

Споредба во однос на процентот на штетност


ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ

Сликата за „штетноста“ на објавите видно се менува кога се гледа низ призмата на севкупната комуникација на политичките партии во тромесечјето. Од аспект на тоа во колку од севкупниот број објави е препознаен штетен наратив, отскокнува партијата Демократско движење, којашто во ова тромесечје во повеќе од една третина (36,4 %) од пораките упатени кон јавноста содржеле штетен наратив.



Слика бр. 20 Процент на штетност кај политичките партии

ПОЛИТИЧКИ ЛИДЕРИ




Слика бр. 21 Процент на штетност кај лидерите на политичките партии

Во однос на процентот на штетност на објавите на лидерите на политичките партии не се совпаѓа со оној на нивните партии. Така лидерот на ДУИ, Али Ахмети, и покрај тоа што има мал број објави, и вкупно со оние со штетен наратив, сепак и во таа „скромна“ комуникација пренесува еден или повеќе штетни наративи многу почесто отколку лидерите на другите партии. Во 44 % од неговите објави препознаен е штетен наратив. Следуваат лидерот на Левица, Апасиев, и Арбен Таравари, лидерот на Алијанса на Албанците. Лидерите на двете најголеми партии Христијан Мицкоски и Димитар Ковачевски се или последни (Мицкоски) според штетноста или воопшто ги нема (Ковачевски).

Споредба во однос на интензитетот на штетност

ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ




Слика бр. 22 Интензитет на штетност кај политичките партии

Анализата на интензитетот на штетноста покажа дека две политички партии на Албанците се на почетокот, со најмал интензитет на штетност, како ДУИ и Алијанса за Албанците, и една е на самиот крај од континуумот, со најголем интензитет на штетност: Алтернатива, додека Демократско движење е во средината со интензитет од 2,5. ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ, кои пак имаа најголем број објави со штетен наратив, се на средината на овој континуум, додека Левица е исто веднаш до Алтернатива.

ПОЛИТИЧКИ ЛИДЕРИ

Состојбата со интензитетот на штетност кај политичките лидери е малку поразлична од нивните партии, во средниот и „високиот“ дел од „континуумот на штетноста“. Имено, Изет Мецити е лидерот со најизразена штетност од 2,7 штетни наративи во просек на една објава. Лидерот пак Христијан Мицкоски, е меѓу лидерите со помал интензитет на штетност, за разлика од неговата партија, која беше меѓу трите партии со повисок интензитет.



Слика бр. 23 Интензитет на штетност кај лидерите на политичките партии

Споредба во однос на вид на доминантни штетни наративи

Анализата на најчесто присутните штетни наративи во објавите на политичките партии и нивните лидери покажа дека: 1) **партиите и лидерите не се разликуваат помеѓу себе** кои штетни наративи ги употребуваат, и 2) дека постојат **две групи штетни** наративи.

Во првата група се два штетни наратива кои кај сите политички субјекти, и политички партии и политички лидери, се забележуваат меѓу првите два најчесто присутни наратива *поткопување на довербата во институциите и медиумите и пристрасно селектирање.* Овие два наратива се константа.

Во втората група се три штетни наративи, кои наизменично го заземаат третото, четвртото и петтото место: *нападите на лична основа, популизмот и поттикнувањето поделби.*

ЧЛЕНОВИ НА ВЛАДАТА




Во овој дел предмет на следење и анализа се фејсбук-профилите на 20 политички субјекти, членови на Владата (премиер, заменици на премиерот и министри). Се анализираа детално објавите во кои овие политички субјекти ја злоупотребиле функцијата за партиски цели и/или генерирале штетни наративи. **Повеќе информации за мониторираните членови на Владата, видете во Методологијата (линк).**

Од 28 јануари 2024 година со мониторингот се опфатени и новите членови на преодната Влада за спроведување избори, односно профилите на новиот премиер Талат Џафери, министерот за внатрешни работи Панче Тошковски и министерот за труд и социјална политика Ѓоко Велковски.




Зачестеност на објави на членови на Владата со штетни наративи

Во истражувачкиот период од март до мај 2024 година беа мониторирани и анализирани содржините објавени од страна на погоре споменатите членови на Владата, на нивните фејсбук-профили во текот на 46 денови. Беа забележани вкупно 58 објави со штетни наративи и вкупно 93 штетни наративи. Во однос на претходно анализираниот шестмесечен период (септември 2023 – февруари 2024), се бележи значаен пораст и во бројот на објави со штетен наратив на владините претставници и во бројот на пренесени штетни наративи. Имено, во последното тромесечје, предмет на мониторингот, бројот на објави со штетен наратив пораснал 2,2 пати во споредба со претходниот шестмечен период или 223 %, додека употребата на штетните наративи пораснала за 1,7 пати, или пораст од 172 % во последното тромесечје во споредба со претходниот шестмесечен период. По месеци, трендот е следен:




Слика бр. 24 Број на објави со штетен наратив по месеци




Слика бр. 25 Колку пати користеле штетен наратив по месеци

Од март до мај има континуиран раст и во бројот на објавите со штетен наратив и во зачестеноста, односно колку често се користеле штетните наративи. Притоа, најголем е порастот од март во април – и кај бројот на објави и во тоа колку пати се пренесле штетни наративи – за 2,5 пати повеќе има објави во април наспроти март и 4 пати повеќе се пренеле штетни наративи. Во однос на интензитетот на штетноста, во графиконот подолу може да се видат месечните трендови:



Слика бр. 26 Интензитет на штетност

Во текот на април, месецот на предизборни кампањи и прв круг претседателски избори, во една објава во просек биле присутни скоро по четири (4) штетни наративи.



Слика бр. 27 Колку објави со штетен наратив има секој од владините претставници

Бојан Маричиќ е член на Владата со една објава со штетен наратив, Љупчо Николовски е со три објави, а Артан Груби со најмногу, 18 објави со штетни наративи, но веднаш зад него се и Кренар Лога и Крешник Бектеши. Она што е забележано при мониторингот е значајниот пораст на објави со штетен наратив кај Лога и Бектеши во мај (од 2 во април на 10 објави во мај кај Бектеши и од 3 на 10 во мај кај Лога).

Во однос на видовите штетни наративи што се јавуваат во објавите на владините членови, анализата покажа дека тие најчесто употребуваат два вида штетни наративи: *пристрасно селектирање и поткопување на довербата на граѓаните во институциите и медиумите*. Поретко ги користат штетните наративи *поттикнување поделби, напади на лична основа и странско влијание.* Останатите штетни наративи се користат инцидентно. Иако инцидентни, интересно е да се забележи дека штетните наративи: *етноцентризам и екстремен патриотизам* се употребени само во мај од Крешник Бектеши и Кренар Лога, додека *ширење паника и страв* само во април од Артан Груби и Бисера Стојчевска. Уште една интересна забелешка е дека штетниот наратив странско влијание единствено е искористен од Артан Груби во текот на секој месец на ова тромесечје.



Слика бр. 28 Кои штетни наративи и колку пати ги пренеле владините членови

Што се однесува до главната тема во објавите, анализата покажа дека во 95 % од објавите со штетни наративи на членовите на Владата главна тема е внатрешната политика.


Во однос на начинот на кој се претставуваат себеси, владините членови во објавите во кои ги напаѓаат своите политички претставници најчесто се претставуваат и го истакнуваат тоа дека тие се европски ориентирани и се бранители на националниот идентитет.

Во однос пак на формата во која се пренесува штетниот наратив, податоците покажаа дека штетните нарации што ги продуцираат владините членови најчесто се во пренесените реакции објавени на нивните фејсбук-профили, но почесто преку други форми како аудиовизуелни содржини од кампањски спотови, обраќања од митинзи и интервјуа за медиуми.

ТВ-СТАНИЦИ

Зачестеност на прилози на ТВ-станиците со штетни наративи


Во овој изминат тримесечен период беа следени и анализирани централните информативни изданија на 9 телевизиски станици (МТВ 1, МТВ 2, Канал 5, Сител, Телма, Алсат М, Алфа, ТВ 21 и ТВ 24) во текот на 26 денови. Беа забележани вкупно 185 прилози со штетни наративи. Најмалку прилози се во текот на мај (во однос на март се бележи пад од 35 %). Значителен пад се забележува веќе во април, во периодот на предизборните кампањи за претседателските и парламентарните избори. Притоа треба да се имаат предвид законските обврски кои телевизиите ги имаат според Изборниот законик и Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и мониторингот кој се спроведува од страна на АВМУ.



Слика бр. 29 Број на прилози со штетен наратив по месеци

Зачестеност на штетни наративи и интензитет на штетност

Анализата на содржината на 185 прилози потврди присуство на 318 штетни наративи, повторно најмалку во мај (88).



Слика бр. 30 Колку пати месечно се пренесени штетни наративи според месец

Општиот интензитет на штетност (што претставува просечен број на штетни наративи присутни во еден прилог) изнесува 1,7 за сите анализирани ТВ-станици. Тоа значи дека телевизиските станици во просек емитуваат по речиси два штетни наратива во еден прилог.

Видови штетни наративи

Во последното тромесечје од мониторингот, во прилозите на деветте ТВ-станици се препознаени 13 од вкупно 16 штетни наративи што се во фокусот на истражувањето. Единствено штетните наративи *злонамерни информации, ксенофобија и сексизам* не се присутни во ниту една ТВ-станица. Трите најчесто споменувани штетни наративи во прилозите на главните вести на ТВ-станиците се:

I. **Поткопување на довербата во институциите** (100 пати или 31 % од вкупниот број наративи)

II. **Пристрасно селектирање**. (100 пати или 31 % од вкупниот број наративи)

III. **Поттикнување поделби** (34 пати или 11 % од вкупниот број наративи)


Овие три штетни наративи нотирани во централните информативни изданија се совпаѓаат со истите три најчесто употребувани од политичките актери.

Понатаму, според зачестеноста, следат нападите на лична основа со 10 % (31 пат) учество во штетните наративи, потоа *ширење паника, страв и несигурност* со 5 % учество (17 пати) и *дезинформациите,* на кои отпаѓа 2,5 % (8 пати) од наративите забележани на ТВ-станиците за анализираниот тримесечен период.

Кој ги „произведува штетните наративи“ и како новинарите се однесуваат кон штетните наративи на политичките актери



Во 67 % од случаите кога политичкиот актер произведува штетен наратив, новинарот го пренесува без каква било интервенција, во 18 % од случаите новинарот со одобрување го пренесува штетниот наратив од политичкиот субјект, во 9 % новинарот јасно го истакнува, но не зазема страна и во 6 % од случаите новинарот се однесува со осуда и/или критика кон штетниот наратив на политичкиот актер.



Слика бр. 31 Каков е односот на новинарот при пренесувањето на штетниот наратив

Во што се „пакува“ штетниот наратив?

Најчест жанр на прилозите со штетен наратив е извештајот (31 % од прилозите) или аналитичко-репортажниот прилог (23 %), додека во 19 % од прилозите со штетен наратив пренесен е говор на политичкиот актер.

Главна тема во прилозите со штетни наративи


Од 185 прилози со штетен наратив во ова тромесечје, во 151 (82 %) главна тема е внатрешната политика, но има и одреден број прилози на теми од економијата, криминалот, корупцијата и надворешната политика.

Извори


Изворите во телевизиските прилози најчесто (во 175 или 95 % од прилозите) се прецизни.

Во однос на страните прикажани во прилозите, најмногу се оние со едностране информирање (107 прилози или 60 %), потоа следат оние во кои се опфатени повеќе страни – 22 % (40 прилози), а на крај се прилозите со 2 страни (такви се 32 прилози или 18 % од прилозите).

Кога станува збор за бројот на изворите во прилозите, тенденцијата е истата: доминираат оние со еден извор (такви се 83 прилози или 45 % од вкупниот број прилози), потоа следат оние со три и повеќе извори (55 прилози или 30 %), а најретки се оние со два извора (41 прилог – 22 %). Само во шест (6) прилози на ТВ Алфа нема наведени извори, што претставува околу 3 % од вкупниот број прилози со штетен наратив од сите ТВ-станици.




Слика бр. 32 Страни во информирањето



Слика бр. 33 Број на извори во прилозите

Следуваат поединечните профили на телевизиските станици во кои илустративно се прикажани информации за бројот на објавени прилози со штетни наративи, зачестеност и интензитет на штетните наративи, кој го произведува штетниот наратив и каков е односот на новинарот кон штетниот наратив на политичкиот актер. Доминантните теми, најчестите жанрови, како и изворите (број, вид и страна на изворите) се исто така прикажани.


ПОЕДИНЕЧНИ ПРОФИЛИ НА ТВ-СТАНИЦИТЕ



ШТЕТНИ НАРАТИВИ НА МРТ1


НАЈЧЕСТИ ТЕМИ СО ШТЕТНИ НАРАТИВИ

Во анализираните три месеци, во деветте прилози со штетен наратив на МРТ 1 забележани се следните најчести теми:



БРОЈ НА ОБЈАВЕНИ ПРИЛОЗИ СО ШТЕТНИ НАРАТИВИ

За три месеци: 9 прилози
Во текот на април се присутни повеќе од половина (56 %) од прилозите со штетен наратив.



Интензитет на штетност: 1,6 штетен наратив по прилог

ЗА КОГО И КОЛКУ ПАТИ СЕ ЗБОРУВА ВО ПРИЛОЗИТЕ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ?

Во последното тромесечие, во прилозите со штетен наратив се зборувало помалку од два пати за различни личности. Единствено во април се забележува повеќе пати од еднаш спомнување на следните политичките актери:

2 ПРИЛОЗИ	2 ПРИЛОЗИ	2 ПРИЛОЗИ	2 ПРИЛОЗИ
Али Ахмети	Арбен Таравари	Бујар Османи	ДУИ

БРОЈ И ВИД НА ПРЕНЕСЕНИ ШТЕТНИ НАРАТИВИ

МТВ 1 за три месеци, во 9 прилози пренеле штетни наративи 14 пати

Инцидентно забележани се и:
Поттикнување екстремен патриотизам *– еднаш*
Странско влијание *– еднаш*
Напади на лична основа *– еднаш*



Во последното тромесечје од мониторингот, на МТВ1 се забележени 9 прилози со штетен наратив. Во нив се шири паника, страв и несигурност, се поттикнува етноцентризам, но и неосновано се поттикнува довербата во институциите и медиумите, а и поделби меѓу граѓаните.

Речиси 70 % од штетните наративи ги генерираат само политичките актери, а новинарот секогаш ги пренел без никаква интервенција.


Штетните наративи најчесто се на тема внатрешна политика, но се креираат и кога се зборува за криминал и правосудство. Жанровски, најчесто се спакувани како пренесен говор на политичар, а инцидентно и како аналитичко-репортажен прилог, или вест/вест со изјава.

Во прилозите на МТВ1 доминира едностраното информирање (речиси во 90 % од прилозите). Во над половина од прилозите, консултиран е само еден извор.


Штетните наративи пренесени на МТВ1 во трите месеци се однесувале на различни личности од политичкиот живот. Повеќе од еднаш се спомнати Али Ахмети, Арбен Таравари, Бујар Османи и ДУИ во текот на април.

ПРОФЕСИОНАЛНИ НОВИНАРСКИ СТАНДАРДИ

БРОЈ НА ИЗВОРИ И ЗАСТАПЕНОСТ НА СТРАНИТЕ ВО ПРИЛОЗИТЕ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ



ЖАНР НА ПРИЛОЗИТЕ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ



КОЈ ГО ПРОИЗВЕДУВА ШТЕТНИОТ НАРАТИВ?




ОДНОС НА НОВИНАРОТ КОН ШТЕТНИОТ НАРАТИВ



Новинарот го пренесува штетниот наратив без никаква интервенција – во 100 % од присутните штетни наративи

ШТЕТНИ НАРАТИВИ НА МРТ2


НАЈЧЕСТИ ТЕМИ СО ШТЕТНИ НАРАТИВИ



Внатрешна политика во 80 %
Правосудство во 6,7 %
Надворешна политика во 13,3 %

БРОЈ НА ОБЈАВЕНИ ПРИЛОЗИ СО ШТЕТНИ НАРАТИВИ

За три месеци: 15 прилози,
најмногу прилози (7) во март



Интензитет на штетност: 1,5 за штетен наратив по прилог

ЗА КОГО И КОЛКУ ПАТИ СЕ ЗБОРУВА ВО ПРИЛОЗИТЕ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ?

Во прилозите на МТВ 2 спомнати по два пати се повеќе личности од политиката, политички партии или други актери:

Политичари спомнати по два пати:

Али Ахмети | Стево Пендаровски | Христијан Мицкоски | Димитар Ковачевски

Политички партии спомнати два пати:

ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ и ДУИ | Македонски партии

Други актери спомнати два пати:

Државната изборна комисија

БРОЈ И ВИД НА ПРЕНЕСЕНИ ШТЕТНИ НАРАТИВИ

МТВ 2 за три месеци, во 15 прилози пренеле штетни наративи 22 пати



Пристрасно селектирање | Дезинформации | Напади на лична основа и/или демонизација | Поткопување доверба во институциите на системот | Поттикнување поделби

За три месеци на МТВ2 се забележени 15 прилози со штетен наратив со кои пристрасно се селектира, се напаѓа личноста, се шират дезинформации, но и неосновано се поткопува довербата во институциите на системот и се поттикнуваат поделби.

100 % од штетните наративи ги генерираат само политички актери, а новинарот ги пренесува без никаква интервенција.


Најчесто, штетните наративи се на тема внатрешна политика, а многу поретко на темите надворешна политика и правосудство. Најчестиот жанр на штетните наративи е извештајот, додека поретко се вест и пренесен говор на политичар.

Во прилозите на МТВ 2 во ова тромесечие доминира едностраното информирање. Во околу една третина (33,3 %) од прилозите се прикажани повеќе страни, а само во два прилога консултирани се две страни.

Штетните наративи пренесени на МТВ2 најчесто се за за ДУИ, ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ и за нивните лидери.

ПРОФЕСИОНАЛНИ НОВИНАРСКИ СТАНДАРДИ

БРОЈ НА ИЗВОРИ И ЗАСТАПЕНОСТ НА СТРАНИТЕ ВО ПРИЛОЗИТЕ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ




ЖАНР НА ПРИЛОЗИТЕ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ



Извештај – во 86,7 %
Вест/вест со изјава – во 6,7 %
Пренесен говор на политичар – во 6,7 %

КОЈ ГО ПРОИЗВЕДУВА ШТЕТНИОТ НАРАТИВ?



Само политички актер – во 100%


ОДНОС НА НОВИНАРОТ КОН ШТЕТНИОТ НАРАТИВ



Новинарот го пренесува штетниот наратив без никаква интервенција – во 100% од присутните штетни наративи

ШТЕТНИ НАРАТИВИ НА КАНАЛ 5

НАЈЧЕСТИ ТЕМИ СО ШТЕТНИ НАРАТИВИ




ЗА КОГО И КОЛКУ ПАТИ СЕ ЗБОРУВА ВО ПРИЛОЗИТЕ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ?



БРОЈ НА ОБЈАВЕНИ ПРИЛОЗИ СО ШТЕТНИ НАРАТИВИ

Најмалку прилози има во мај,
а најмногу во април



Интензитет на штетност: 2.4 индикатор за штетен наратив по прилог

БРОЈ И ВИД НА ПРЕНЕСЕНИ ШТЕТНИ НАРАТИВИ

Канал 5 за три месеци, во 16 прилози
пренеле штетни наративи 39 пати

Дезинформации: *- во 8 % од сите присутни штетни наративи (**3 пати**)*
Поттикнување поделби: *во 8 % од сите присутни штетни наративи (**3 пати**)*
По еднаш – ***Ширење паника, страв и несигурност и Манипулативна аудиовизуелна медиумска содржина***



За три месеци на Канал 5 се забележени 16 прилози со штетен наратив со кои пристрасно се селектира, неосновано се поткопува довербата во институциите на системот, се напаѓа личноста, но и се поттикнуваат поделби, и се шират дезинформации.

Скоро сите (96 %) штетни наративи ги генерира само политичкиот актер, а новинарот ги пренесува без никаква интервенција.

Најчестата тема на штетните наративи е внатрешната политика, но меѓу почестите теми се и економијата и здравството. Три жанрови се јавуваат најчесто - половина од прилозите се во форма на извештај, додека во скоро 40 % се пренесен говор на политичар и вест.

Релативно повеќестрано се информира во прилозите на Канал 5, иако не е мал бројот на прилози во кои едностранo се информира (31 %). Во половина од прилозите се консултирани повеќе извори, а по една четвртина по два или по еден извор.


Штетните наративи пренесени на Канал 5 најчесто се однесуваат на различни актери, сепак почесто отколку за други актери, се за лидерот на ВМРО-ДПМНЕ – Х. Мицкоски, а потоа и за премиерот Димитар Ковачевски и ВМРО-ДПМНЕ.

ПРОФЕСИОНАЛНИ НОВИНАРСКИ СТАНДАРДИ

БРОЈ НА ИЗВОРИ И ЗАСТАПЕНОСТ НА СТРАНИТЕ ВО ПРИЛОЗИТЕ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ



ЖАНР НА ПРИЛОЗИТЕ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ



Извештај – во 50 %
Вест / вест со изјава – во 19 %
Пренесен говор на политичар – во 19 %
Се појавуваат во помал процент и Анализа/коментар и друго – во вкупно 12 % од прилозите со штетен наратив

КОЈ ГО ПРОИЗВЕДУВА ШТЕТНИОТ НАРАТИВ?




ОДНОС НА НОВИНАРОТ КОН ШТЕТНИОТ НАРАТИВ



Новинарот го пренесува штетниот наратив без никаква интервенција – во 100% од прилозите со штетен наратив

ШТЕТНИ НАРАТИВИ НА СИТЕЛ


НАЈЧЕСТИ ТЕМИ СО ШТЕТНИ НАРАТИВИ



Внатрешна политика 80 %
Корупција во 10 %
Економија во 10 %

БРОЈ НА ОБЈАВЕНИ ПРИЛОЗИ СО ШТЕТНИ НАРАТИВИ

За три месеци: 10 прилози,
релативно рамномерно застапени



Интензитет на штетност:
1,5 индикатор за штетен наратив по прилог

ЗА КОГО И КОЛКУ ПАТИ СЕ ЗБОРУВА ВО ПРИЛОЗИТЕ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ?



БРОЈ И ВИД НА ПРЕНЕСЕНИ ШТЕТНИ НАРАТИВИ

Сител за шест месеци, во 10 прилози
пренеле штетни наративи 15 пати



Теории на заговор, Етноцентризам, Ширење паника, страв и несигурност и Популизам ***(по еднаш)***

Во текот на трите месеци на Сител, се забележени 10 прилози со штетен наратив со кои пристрасно се селектира, неосновано се поткопува довербата во институциите на системот, се поттикнува поделба.

Скоро две третини од штетните наративи ги генерира само политичкиот актер. Во околу една петина ги произведува само новинарот и во исто толку и двајцата. При тоа, новинарот главно ги пренесува без никаква интервенција и јасно без да зазема новинарот страна, но се случува и новинарот да ги пренесува со одобрување.

Штетните наративи главно се на теми од внатрешната политика, а малку поретко и на теми како економија и корупција. Жанровски гледано, половина од прилозите се аналитичко-репортажен прилог, потоа пренесен говор на политичар и интервју.

Во 60% од прилозите е претставена само една засегната страна. Слично, во половина од прилозите е консултиран само еден извор.

Штетните наративи пренесени на Сител најчесто се однесуваат на власта и на ВМРО-ДПМНЕ.

ПРОФЕСИОНАЛНИ НОВИНАРСКИ СТАНДАРДИ

БРОЈ НА ИЗВОРИ И ЗАСТАПЕНОСТ НА СТРАНИТЕ ВО ПРИЛОЗИТЕ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ



ЖАНР НА ПРИЛОЗИТЕ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ



Аналитичко – репортажен прилог – во 50 %
Интервју - во 20 %
Пренесен говор на политичар – во 30 %

КОЈ ГО ПРОИЗВЕДУВА ШТЕТНИОТ НАРАТИВ?



ОДНОС НА НОВИНАРОТ КОН ШТЕТНИОТ НАРАТИВ



Новинарот го пренесува штетниот наратив без никаква интервенција – во 56 %
Новинарот јасно го истакнува, но не зазема страна – во 33 %
Новинарот го одобрува – во 11 %

ШТЕТНИ НАРАТИВИ НА ТЕЛМА

НАЈЧЕСТИ ТЕМИ СО ШТЕТНИ НАРАТИВИ




ЗА КОГО И КОЛКУ ПАТИ СЕ ЗБОРУВА ВО ПРИЛОЗИТЕ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ?

Во ова тромесечие, во 11-те прилози со штетен наратив на Телма, се зборувало за различни личности; само во март е забележано дека во два прилози (од пет) се зборувало за Али Ахмети.

БРОЈ НА ОБЈАВЕНИ ПРИЛОЗИ СО ШТЕТНИ НАРАТИВИ


За три месеци: 11 прилози
Најмногу прилози има во мај



Интензитет на штетност:
1,7 индикатор за штетен наратив по прилог

БРОЈ И ВИД НА ПРЕНЕСЕНИ ШТЕТНИ НАРАТИВИ

Телма за шест месеци во 11 прилози пренеле штетни наратив 19 пати



По два пати *– Странско влијание и Поттикнување поделби*
По еднаш: *Популизам, Теории на заговор и Дезинформации*

Забележани се 11 прилози со штетен наратив на Телма во тек на трите месеци на мониторинг. Најчесто во нив неосновано се поткопува довербата во институциите на системот, пристрасно се селектира, но и се шири паника и страв.

Сите од штетните наративи се генерирани само од политички актери. Новинарот главно ги пренесува овие наративи без интервенција и без да зазема страна, но во мал број (14 %) случаи новинарот ги пренесува со осуда и/или критика.


Над 70 % од прилозите со штетен наратив се за внатрешна политика, а многу помалку за образование, правосудство и корупција. Во најголем дел, жанрот на прилозите е извештај и аналитичко-репортажен прилог, но и пренесен говор на политичар, а помалку (12.5%) вест.

Во малку повеќе од половина од прилозите новинарот информира повеќестрано и во 73 % од прилозите се консултирани два и повеќе извори.

Во ова тромесечие, во 11-те прилози со штетен наратив на Телма, се зборувало за различни личности; само во март е забележано дека во два прилози (од пет) се зборувало за Али Ахмети.

ПРОФЕСИОНАЛНИ НОВИНАРСКИ СТАНДАРДИ

БРОЈ НА ИЗВОРИ И ЗАСТАПЕНОСТ НА СТРАНИТЕ ВО ПРИЛОЗИТЕ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ




ЖАНР НА ПРИЛОЗИТЕ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ



Извештај – во 37 %
Аналитичко – репортажен прилог – во 27 %
Пренесен говор на политичар – во 18 %
Пренесено соопштение – во 9 %
Вест/вест со изјава – во 9 %

КОЈ ГО ПРОИЗВЕДУВА ШТЕТНИОТ НАРАТИВ?




ОДНОС НА НОВИНАРОТ КОН ШТЕТНИОТ НАРАТИВ



Новинарот го пренесува штетниот наратив без никаква интервенција – во 50 %
Новинарот јасно го истакнува, но не зазема страна – во 36 %
Новинарот го осудува – во 14 %

ШТЕТНИ НАРАТИВИ НА АЛСАТ-М

НАЈЧЕСТИ ТЕМИ СО ШТЕТНИ НАРАТИВИ




Внатрешна политика 81 %
Корупција во 8 %
По еднаш се јавуваат и теми за образование, правосудство и економија во 11 %

ЗА КОГО И КОЛКУ ПАТИ СЕ ЗБОРУВА ВО ПРИЛОЗИТЕ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ?



БРОЈ НА ОБЈАВЕНИ ПРИЛОЗИ СО ШТЕТНИ НАРАТИВИ

За три месеци: 26 прилози



Интензитет на штетност:
1,1 индикатор за штетен наратив по прилог

БРОЈ И ВИД НА ПРЕНЕСЕНИ ШТЕТНИ НАРАТИВИ

Алсат М за три месеци во 26 прилози пренеле 29 штетни наративи



Во текот на трите месеци кај АлсатМ забележени се 26 прилози со штетен наратив. Во нив најчесто неосновано се поткопува довербата во институциите на системот, се поттикнува поделбата меѓу граѓаните и се напаѓа личноста на политичките противници.

Во сите прилози, штетните наративи ги произведуваат политички актери. При тоа, телевизијата ги пренесува без никаква интервенција и без да зазема страна.


Во прилозите со штетни наративи темите кои најчесто се појавуваат се поврзани со внатрешната политика, а потоа и со корупција, правосудството, образованието и економија. Помалку од половина од прилозите се во форма на извештај и интервју, а потоа во форма на вест и пренесен говор на политичар.

Во поголем дел од прилозите (58 %) се забележува едностраност во информирањето. Исто така и во најголем дел (54 %) при подготовката на прилозите се информираат само од еден извор.

Штетните наративи пренесени на АлсатМ најчесто се однесуваат на ДУИ и Али Ахмети, но и на СДСМ, ВМРО-ДПМНЕ, Коалиција „Вреди“, како и на Стево Пендаровски и Христијан Мицкоски.

ПРОФЕСИОНАЛНИ НОВИНАРСКИ СТАНДАРДИ

БРОЈ НА ИЗВОРИ И ЗАСТАПЕНОСТ НА СТРАНИТЕ ВО ПРИЛОЗИТЕ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ




ЖАНР НА ПРИЛОЗИТЕ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ



Извештај – во 42 %
Интервју – во 28 %
Вест/вест со изјава– во 15 %
Пренесен говор на политичар – во 15 %

КОЈ ГО ПРОИЗВЕДУВА ШТЕТНИОТ НАРАТИВ?



Само политички актер – во 100 %

ОДНОС НА НОВИНАРОТ КОН ШТЕТНИОТ НАРАТИВ



Новинарот го пренесува штетниот наратив без никаква интервенција – во 97 %
Новинарот јасно го истакнува, но не зазема страна – во 3 %

ШТЕТНИ НАРАТИВИ НА АЛФА


НАЈЧЕСТИ ТЕМИ СО ШТЕТНИ НАРАТИВИ



Внатрешна политика 77 % Економија во 8 % Криминал во 3,3 %
Здравство во 3,3 % Правосудство во 3,3 %
Во околу вкупно 6 % од прилозите со штетен наратив се појавуваат и култура, социјална политика и надворешна политика

БРОЈ НА ОБЈАВЕНИ ПРИЛОЗИ СО ШТЕТНИ НАРАТИВИ

За три месеци: 61 прилози
Најмалку во мај (скоро три пати помалку од март)



Интензитет на штетност: 2,1 индикатор за штетен наратив по прилог

ЗА КОГО И КОЛКУ ПАТИ СЕ ЗБОРУВА ВО ПРИЛОЗИТЕ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ?



БРОЈ И ВИД НА ПРЕНЕСЕНИ ШТЕТНИ НАРАТИВИ

Алфа за три месеци во 61 прилог пренеле штетни наративи 131 пат



Во текот на трите месеци следење, кај Алфа се забележени 61 прилози со штетен наратив со кои најмногу неосновано се поткопува довербата во институциите на системот и пристрасно се селектира, а потоа и се поттикнува поделбата меѓу граѓаните, се шири популизам, се напаѓа личноста на политичките противници и тн.

Единствено кај ТВ Алфа, 52 % од штетните наративи се креирани или од новинарот (16 %), или од новинарот и политичкиот актер (36 %), додека останатите 48 % се од политичарите. При тоа, новинарот во најголем број случаи го одобрува индикаторот на штетниот наратив произведен од политичкиот актер, а дури потоа ги пренесува без никаква интервенција и јасно без да зазема страна. Во помал број (7.4%) го пренесува наративот со осуда и/или критика.

Доминира едностраното информирање (во 78 % од прилозите е прикажана само една страна). Слично, најчесто (57 %) во прилозите е консултиран само еден извор. Во 20 % од прилозите се консултирани три и повеќе извори, а во 13 % два извора. Алфа е единствената телевизија којашто во скоро 10% од „штетните“ прилози нема наведени извори.

Речиси и да нема тема што не е опфатена во прилозите со штетен наратив на Алфа, но во најголем број од нив се поврзани со внатрешната политика, а поретко со економијата, правосудството, криминалот и здравството, а спомнати се и надворешната политика, културата и социјалната политика. Половина од прилозите се аналитичко-репортажен прилог, потоа следуваат жанровите пренесен говор на политичар, анализа/коментар и извештај.

Штетните наративи на Алфа најчесто се однесуваат на власта, СДСМ, ДУИ, Д. Ковачевски и С. Пендаровски, во негативен контекст, додека во позитивен или неутрален почесто се појавуваат и ВМРО-ДПМНЕ, Х. Мицкоски и А. Николовски.

ПРОФЕСИОНАЛНИ НОВИНАРСКИ СТАНДАРДИ

БРОЈ НА ИЗВОРИ И ЗАСТАПЕНОСТ НА СТРАНИТЕ ВО ПРИЛОЗИТЕ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ



ЖАНР НА ПРИЛОЗИТЕ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ



Аналитичко – репортажен прилог – во 54 % Анализа/коментар – во 10 %
Пренесен говор на политичар – во 16 % Извештај – во 10 %
Се појавуваат во помал процент и пренесено соопштение и други жанрови

КОЈ ГО ПРОИЗВЕДУВА ШТЕТНИОТ НАРАТИВ?




ОДНОС НА НОВИНАРОТ КОН ШТЕТНИОТ НАРАТИВ



Новинарот го одобрува – во 59 %
Новинарот го осудува и/или критикува – во 16 %
Новинарот го пренесува штетниот наратив без никаква интервенција – во 14 %
Новинарот јасно го истакнува, но не зазема страна – во 11 %


ШТЕТНИ НАРАТИВИ НА ТВ 21

НАЈЧЕСТИ ТЕМИ СО ШТЕТНИ НАРАТИВИ



БРОЈ НА ОБЈАВЕНИ ПРИЛОЗИ СО ШТЕТНИ НАРАТИВИ

За три месеци: 25 прилози,
рамномерно распределени по месеци



Интензитет на штетност: 1,2 индикатор за штетен наратив по прилог

ЗА КОГО И КОЛКУ ПАТИ СЕ ЗБОРУВА ВО ПРИЛОЗИТЕ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ?



БРОЈ И ВИД НА ПРЕНЕСЕНИ ШТЕТНИ НАРАТИВИ

ТВ 21 за три месеци во 25 прилози
пренеле штетни наративи 30 пати



Странско влијание* и *Манипулативна аудиовизуелна медиумска содржина *се забележани* ***по еднаш***

Вкупно 25 прилози со штетни наративи се забележани на ТВ 21 во трите месеци. Во нив пристрасно се селектира, се напаѓа личноста на политичките противници и неосновано се поткопува довербата во институциите на системот, но и се поттикнуваат поделби.

Сите штетни наративи се генерирани само од политички актери, а новинарот ги пренесува без никаква интервенција.


Во прилозите со штетни наративи доминира внатрешната политика, а во еден прилог се појавува и темата корупција. Доминантен жанр (60 %) е извештајот, а една третина од прилозите се вест.

Во повеќе од половина од прилозите информирањето е повеќестрано. Слично, во 76 % од прилозите консултирани се два и повеќе извори.

Штетните наративи пренесени на ТВ 21 најчесто се однесуваат на ДУИ, СДСМ, „Вреди“, А. Ахмети, Х. Мицкоски и С. Пендаровски. Главно односот на новинарот кон актерите е неутрален, а доколку е негативен вообичаено тоа е нечиј друг став кон актерите, не на новинарот.

ПРОФЕСИОНАЛНИ НОВИНАРСКИ СТАНДАРДИ


БРОЈ НА ИЗВОРИ И ЗАСТАПЕНОСТ НА СТРАНИТЕ ВО ПРИЛОЗИТЕ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ



ЖАНР НА ПРИЛОЗИТЕ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ



КОЈ ГО ПРОИЗВЕДУВА ШТЕТНИОТ НАРАТИВ?




ОДНОС НА НОВИНАРОТ КОН ШТЕТНИОТ НАРАТИВ



Новинарот го пренесува штетниот наратив
без никаква интервенција – во 100 %

ШТЕТНИ НАРАТИВИ НА 24 ВЕСТИ

НАЈЧЕСТИ ТЕМИ СО ШТЕТНИ НАРАТИВИ




ЗА КОГО И КОЛКУ ПАТИ СЕ ЗБОРУВА ВО ПРИЛОЗИТЕ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ?



БРОЈ НА ОБЈАВЕНИ ПРИЛОЗИ СО ШТЕТНИ НАРАТИВИ

За три месеци: 12 прилози
Најмногу (7) има во мај




Интензитет на штетност:
1,6 индикатор за штетен наратив по прилог

БРОЈ И ВИД НА ПРЕНЕСЕНИ ШТЕТНИ НАРАТИВИ

ТВ 24 Вести за три месеци во
12 прилози пренеле штетни наративи 19 пати

***По еднаш** се појавуваат и наративите **Странско влијание** и **Говор на омраза**.*



За време на три месеци кај ТВ 24 Вести се забележани 12 прилози со штетен наратив со кои се напаѓа личноста на политичките противници пристрасно се селектира, се поттикнуваат поделби и се шири паника и страв, но и се поткопува довербата во институциите на системот.

Најголем дел од штетните наративи се произведени само од политички актери, но 17 % од нив од новинарот. При тоа, телевизијата главно ги пренесува без никаква интервенција и јасно без да зазема новинарот страна.


Како главна тема скоро во сите прилози со штетен наратив се јавува внатрешната политика, а само во еден како тема се јавува економијата. Жанровски, во половина од прилозите се известува преку пренесен говор на политичар, во една четвртина преку анализа / коментар, а само по еднаш преку вест, извештај или пренесено соопштение.

Во повеќе од половина од прилозите се известува едностранo, и слично, и е консултиран најчесто само еден извор.

Штетните наративи пренесени на ТВ 24 Вести најчесто се однесуваат на ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ и ДУИ.

ПРОФЕСИОНАЛНИ НОВИНАРСКИ СТАНДАРДИ

БРОЈ НА ИЗВОРИ И ЗАСТАПЕНОСТ НА СТРАНИТЕ ВО ПРИЛОЗИТЕ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ



ЖАНР НА ПРИЛОЗИТЕ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ



Пренесен говор на политичар – во 50 %
Анализа/коментар – во 25 %

По еднаш како жанр на прилогот се појавуваат Пренесено соопштение, Вест и Извештај (сите по околу 8 %)

КОЈ ГО ПРОИЗВЕДУВА ШТЕТНИОТ НАРАТИВ?



ОДНОС НА НОВИНАРОТ КОН ШТЕТНИОТ НАРАТИВ




Новинарот го пренесува штетниот наратив без никаква интервенција – во 83 %
Новинарот јасно го истакнува, но не зазема страна – во 17 %

Сличности и разлики меѓу телевизиите во пренесувањето на штетните наративи

Споредба по број на прилози за три месеци: март – мај 2024


Како и во претходниот извештај за шестмесечниот мониторинг, и во ова тромесечје ТВ Алфа се издвојува далеку од сите ТВ-станици според бројот на прилози со штетен наратив, а далеку зад неа се ТВ Алсат М со вкупно 26 прилози и ТВ 21 со 25 прилози.



Слика бр. 34 Број на прилози со штетен наратив според ТВ-станица

Како што е видливо од сликата, разликата меѓу ТВ-станицата што објавила најмалку прилози со штетен наратив (9) и онаа што објавила најмногу (61) изнесува 52 прилози.

Споредби по интензитет на штетност на прилогот




Слика бр. 35 Интензитет на штетност според ТВ-станица

Според интензитетот на штетност, Алсат М и ТВ 21 се со најнизок интензитет (во просек по еден штетен наратив по прилог), а со највисок интензитет на штетност се прилозите на Алфа и Канал 5 (во просек по два штетни наратива по прилог). Доколку се спореди со анализираниот шестмесечен период (септември 2023 – февруари 2024), има значителни разлики кај некои телевизии. Имено, најголемата разлика е кај Телма, кај која се бележи намалување од 0,8 на интензитетот на штетност од 2,5 на 1,7 (скоро еден штетен наратив помалку). Следна телевизија која бележи позначајно намалување од 0,6 е Сител – од 2,1 на 1,5, а намалувања од 0,5, односно 0,4 бележат и Алсат М (од 1,6 на 1,1) и ТВ 21 (од 1,6 на 1,2). Благ пораст во интензитетот на штетност се забележува кај следните телевизии: МТВ 1 (од 1,5 на 1,6), МТВ 1 (од 1,2 на 1,5), Алфа (од 1,8 на 2,1) и ТВ 24 (од 1,5 на 1,6). Единствено Канал 5 останал на истиот интензитет на штетност – 2,4 и во ова тромесечје е на врвот според штетноста.

Споредби по вид на штетни наративи


Графиконот подолу покажува кои се најчестите штетни наративи што секоја од телевизиите ги пренела и колку пати го пренела секој од тие наративи.



Слика бр. 36 Најчесто пренесувани штетни наративи според ТВ-станица

За сите ТВ-станици е претставено колку пати се пренесени петте најчести штетни наративи: *Поткопување на довербата во институциите и медиумите, пристрасно селектирање, поттикнување поделби, напади на лична основа и ширење паника, страв и несигурност*. Првите два штетни наратива беа во првите три наративи и во претходниот шестмесечен период. Она што е новина во ова тромесечје е искачувањето на поттикнување поделби на трето место (без исклучок кај сите девет телевизии го има). На сметка на него, претходниот наратив кој го заземаше третото место по зачестеност – *напади на лична основа*, е на четврто (во анализираното тромесечје, овој штетен наратив е отсутен кај две ТВ-станици: Сител и Телма). Она што е исто така интересно во ова тромесечје е искачувањето на наративот ширење страв/паника на петтото место, кога претходно едвај се појавуваше (во претходниот шестмесечен период овој наратив учествуваше со 1 % во вкупниот број присутни наративи, додека во последното тромесечје со 5 %). Истиот тренд се забележува и кај *поттикнувањето поделби*, во претходниот шестмесечен период зачестеноста на неговото користење во јавниот дискурс изнесувала 5 %, додека во последново тромесечје 11 %. Кога ќе се земе предвид контекстот на ова тромесечје – предизборни кампањи и избори – појавувањето на наративите *поттикнување поделби и ширење паника, страв и несигурност* добиваат поинакво значење. Оттаму, може да се каже дека првите два штетни наратива – *Поткопување на довербата и пристрасно селектирање,* како и *нападите на лична основа* претставуваат „константа“ и нивната употреба како да е „нормализирана“ во политичката комуникација и јавниот дискурс. Останатите варираат и се користат според тековниот контекст и потреби.


Споредба во однос на тоа кој го произведува наративот



Слика бр. 37 Кој го произведува штетниот наратив во прилогот според ТВ-станица

Кај сите телевизиски станици, освен кај ТВ Алфа, искуството покажува дека политичкиот актер го креира штетниот наратив, а новинарот го пренесува во најголемиот број прилози. Телма, МТВ 2, ТВ 21 и Алсат М во сите прилози политичарот е креатор на штетниот наратив. За разлика од минатиот анализиран период, во последниот, што е во фокусот на анализата, се забележува дека Алсат М и МТВ 2 немаат прилози во кои новинарот го произвел штетниот наратив (во минатиот новинарот произведувал штетен наратив во околу 4 % и кај двете телевизии). Кај МТВ 1 новинарот сам или заедно со политичкиот актер го креира штетниот наратив во 4 прилози (или 30 % од прилозите), во прилозите на Сител, во 18 % од нив (или во 2 прилози) новинарот или двајцата го произведуваат, кај ТВ 24 и Канал 5 во два, односно еден прилог новинарот го произведува штетниот наратив (14 %, односно 4 %). Само кај Алфа во 39 од 75 случаи или 52 % новинарот или двајцата го произведуваат штетниот наратив, додека само во 39 случаи или 48 % тоа го прави политичкиот актер а новинарот само го пренесува.

Споредби помеѓу ТВ-станиците за односот на новинарот кон штетниот наратив на политичкиот субјект



Слика бр. 38 Каков е односот на новинарот при пренесување на штетниот

Податоците покажуваат дека најчест однос на новинарот кон штетниот наратив е тој да го пренесува штетниот наратив без каква било интервенција и тоа е случај кај сите ТВ-станици. Сепак има и такви станици кои, неретко, јасно го истакнуваат штетниот наратив без да заземат страна или пак го пренесуваат истиот со одобрување.

Двата пресеци на состојбите во политичката и во медиумската комуникација, направени по шест месеци и по последното тромесечје од деветмесечниот период на мониторинг, укажуваат на неколку важни сознанија во однос на телевизиите:

- Телевизиите и во шестмесечната и во оваа, тримесечна анализа, се со најмал број прилози со штетен наратив, со најмалку искористени штетни наративи и со најслаб интензитет на штетност. Кон ова секако придонесува законската регулатива со која се обврзуваат телевизиите кон почитување на професионалните стандарди, постоење на регулаторно тело, но и други саморегулаторни механизми;

- Во последниот анализиран тримесечен период, споредено со претходниот шестмесечен период, се забележува уште поголемо и континуирано намалување и во бројот на прилозите со штетен наратив, како и во зачестеноста на користење штетните наративи, па оттаму и намалување на интензитетот на штетноста, безмалку кај сите телевизии;

- Иако и во овој тримесечен период доминираа истите штетни наративи како во претходниот период (*пристрасна селекција и поткопување на довербата*) се појавуваат и нови кои претходно, во шестмесечниот период, воопшто ги немало или речиси не се користеле. Имено, почесто се користени штетни наративи како што е *поттикнувањето поделби и ширењето паника, страв и несигурност*. Секако, овие штетни наративи се рефлексија на наративите од политичките актери во медиумскиот простор, а кои ги користеле во рамки на сопствените изборни кампањи и стратегии.

- Кај дел од телевизиите се забележува помал број при лози во кои штетниот наратив го креира новинарот, во споредба со претходно анализираниот шестмесечен период


- За жал, и во последното тромесечје на мониторингот забележано е дека доминира едностраното известување, консултирањето само на еден извор (па дури и една од телевизиите воопшто не наведува извори), а наместо професионална вест или друг непристрасен жанр на информирање, многу често телевизиите пренесуваат говор од политичар или соопштение за медиуми.

ОНЛАЈН-МЕДИУМИ



Зачестеност на прилози на онлајн-медиумите со штетни наративи


Во периодот март 2024 – мај 2024 година, беа следени 11-те информативни онлајн медиуми. Во вкупно 46-те денови мониторинг беа забележани 672 прилози со штетни наративи. Најмалку имало во мај (187), а најмногу во април (261).



Слика бр. 39 Вкупен број објави со штетен наратив според онлајн медиум

Зачестеност на штетни наративи и интензитет на штетност


Анализата на содржината на 672-те прилози објавени од 11-те онлајн медиуми потврди присуство на 1131 штетен наратив, најмногу во април (482).



Слика бр. 40 Број на пренесени штетни наративи според месец

Интензитетот на штетноста изнесува 1,7 за сите анализирани онлајн медиуми. Тоа значи дека онлајн медиумите во просек објавуваат речиси по два штетни наратива во една објава/прилог.

Ако се следи месечно, најмал бил во март, а најинтензивен во април, иако во текот на трите месеци е околу два штетни наратива по објава.



Слика бр. 41 Интензитет на штетност според месец

Видови штетни наративи


Првите три најчесто пренесувани штетни наративи во текот на трите месеци се:

- ➔ *Поткопување на довербата во институциите*
- ➔ *Пристрасно селектирање*
- ➔ *Напади на личноста*

Понатаму, според честотата следат и: Поттикнување поделби, популизам и ширење паника, страв и несигурност.


Кој ги произведува штетните наративи и како новинарите се однесуваат кон штетните наративи на политичките актери

Во 87 % од прилозите со штетен наратив, тој е произведен само од политичкиот актер, во 8 % го произведуваат двајцата, додека само новинарот го произведува во 5 % од прилозите.



Слика бр. 42 Кој го произведува штетниот наратив


Во случаите кога штетниот наратив е произведен или од политичкиот актер или од двајцата, најчесто, односно во 62 % од прилозите новинарот само го пренесува без да интервенира при пренесувањето, а во 11 % од прилозите и **го одобрува** присутниот штетен наратив во прилогот.



Слика бр. 43 Каков е односот на новинарот при пренесување на штетниот наратив

Кој е најчесто користениот жанр на прилозите со штетен наратив

Речиси две третини од објавите се или пренесено соопштение од политичките партии или пак пренесен говор на некој политичар. Останатите новинарски жанрови со кои се пренесува поцелосна слика, разработка на темата од повеќе страни за непристрасно и објективно информирање, се застапени во многу мал број, така што останува впечатокот дека онлајн медиумите, кои се предмет на мониторинг, претставуваат уште една платформа за политичките актери и партии да ги пренесат своите штетни наративи.



Слика бр. 44 Кои жанрови најчесто се користат во објавите со штетен наратив


Главна тема во прилозите со штетни наративи

Како и кај политичките актери и ТВ-станиците, доминира внатрешната политика како главна тема на прилозите со штетен наратив со речиси 80 %, додека темите криминал, надворешна политика, економија, корупција, економија, правосудство и здравство учествуваат со по 2–4 % (секоја од нив).

Извори


Изворите во прилозите/објавите на анализираните онлајн медиуми најчесто се (константно низ месеците) прецизни, во просек 90 % од случаите. Ова се должи пред сè на фактот што преовладуваат соопштенијата за јавност или говорите на политичарите.

Она што значајно отстапува од професионалното новинарско известување коешто подразбира објективност, непристрасност и водење грижа за обезбедување балансирани информации за јавноста да може да носи здрави одлуки е тенденцијата во 90 % од објавите да се прикаже само една страна.



Слика бр. 45 Прикажани страни во објавите на онлајн-медиумите

Во однос на тоа колку извори консултираат во прилозите/објавите, доминираат оние прилози во кои е консултиран само еден извор (85 %), потоа следат оние со два извора и оние со три и повеќе (по 7 %). Во 1 % од прилозите/објавите (или во 7 објави на четири онлајн медиуми) нема наведен извор.




Слика бр. 46 Број на извори во објавите на онлајн-медиумите

ПОЕДИНЕЧНИ ПРОФИЛИ НА ОНЛАЈН-МЕДИУМИТЕ



ШТЕТНИ НАРАТИВИ НА ТЕТОВА СОТ

НАЈЧЕСТИ ТЕМИ СО ШТЕТНИ НАРАТИВИ




Внатрешна политика – 90 %
Надворешна политика и Правосудство – по 3 %
Корупција и Економија по 2 %

ЗА КОГО НАЈЧЕСТО СЕ ЗБОРУВА И ВО КОЛКУ ПРИЛОЗИ/ОБЈАВИ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ?



БРОЈ НА ОБЈАВЕНИ ПРИЛОЗИ СО ШТЕТНИ НАРАТИВИ

За три месеци: 61 објава, најмалку во март



Интензитет на штетност:
1,2 индикатор за штетен наратив по прилог

БРОЈ И ВИД НА ПРЕНЕСЕНИ ШТЕТНИ НАРАТИВИ

Тетова Сот за шест месеци во 61 објави пренеле штетни наративи 75 пати




*Помалку од седум пати се **Напади на лична основа (5)**, **Странско влијание (4)**, **Популизам** и **Дезинформации по два пати**, а **по еднаш Говор на омраза**, **Манипулативна аудиовизуелна медиумска содржина** и **Ширење паника, страв и несигурност**.*

Поткопување доверба во институциите на системот
Етноцентризам
Поттикнување поделби

ПРОФЕСИОНАЛНИ НОВИНАРСКИ СТАНДАРДИ


БРОЈ НА ИЗВОРИ И ЗАСТАПЕНОСТ НА СТРАНИТЕ ВО ПРИЛОЗИТЕ/ОБЈАВИТЕ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ

Број на страни



Едностарно – 85 %
Две страни – 8 %
Повеќе страни – 7 %

Број на извори



Со еден извор – 77 %
Со два извори – 13 %
Со три и повеќе – 12 %

ЖАНР НА ПРИЛОЗИТЕ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ



Извештај – 38 %
Пренесен говор на политичар – 23 %
Пренесено соопштение – 23 %
Вест – 15 %
Интервју – 1 %

КОЈ ГО ПРОИЗВЕДУВА ШТЕТНИОТ НАРАТИВ?



Само политички актер – 93 %
Само новинар – 6 %
Двајцата – 1 %

ОДНОС НА НОВИНАРОТ КОН ШТЕТНИОТ НАРАТИВ



Го пренесува штетниот наратив без каква било интервенција – 93 %
7 % - Новинарот го пренесува со одобрување

Во текот на три месеци на Тетова Сот се забележени 61 објав1 со штетен наратив со кои неосновано се поткопува довербата во институциите на системот, се поттикнува етноцентризам и поделби.

Скоро сите прилози со штетни наративи се поврзани со внатрешна политика, а поретко со надворешна политика, правосудство, корупција и економија.

Штетните наративи пренесени на Тетова Сот најчесто се однесуваат на Коалицијата ВРЕДИ, ВМРО-ДПМНЕ, ДУИ, Али Ахмети и лидерот на ВМРО-ДПМНЕ, Христијан Мицкоски.


Најчестите жанровски форми се извештај, потоа пренесен говор и пренесено соопштение, а во мал процент и вест.

Најголем дел од штетните наративи ги произведуваат политичките актери, при тоа, новинарот во најголем број случаи ги пренесува без никаква интервенција, а во мал број и го одобрува индикаторот на штетниот наратив произведен од политичкиот актер.

Во прилозите најчесто се информира едностарно. Слично, најчесто е консултиран само еден извор во прилозите со штетен наратив. Прецизни извори има во 78 % од прилозите, а во 12 % од прилозите изворот е друг медиум.

ШТЕТНИ НАРАТИВИ НА АЛМАКОС

НАЈЧЕСТИ ТЕМИ СО ШТЕТНИ НАРАТИВИ




Внатрешна политика – 92 %
Надворешна политика – 5 %
На темите правосудство и корупција има по еден прилог (по околу 1,5 %)

ЗА КОГО НАЈЧЕСТО СЕ ЗБОРУВА И ВО КОЛКУ ПРИЛОЗИ/ОБЈАВИ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ?



БРОЈ НА ОБЈАВЕНИ ПРИЛОЗИ СО ШТЕТНИ НАРАТИВИ


За три месеци: 62 објави
Најмногу (28) во април



Интензитет на штетност:
1,1 индикатор за штетен наратив по прилог

БРОЈ И ВИД НА ПРЕНЕСЕНИ ШТЕТНИ НАРАТИВИ

Тетова Сот за шест месеци во 61 објави пренеле штетни наративи 75 пати



***Дезинформации, Поткопување на довербата во институциите** и **медиуми** и **Популизам** се по **два пати** пренесени, додека **Странско влијание** – **пет пати**.*

ПРОФЕСИОНАЛНИ НОВИНАРСКИ СТАНДАРДИ

БРОЈ НА ИЗВОРИ И ЗАСТАПЕНОСТ НА СТРАНИТЕ ВО ПРИЛОЗИТЕ/ОБЈАВИТЕ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ



ЖАНР НА ПРИЛОЗИТЕ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ



Пренесено соопштение – во 35 % од прилозите со штетен наратив
Извештај – во 31 % Вест – 24 % Пренесен говор на политичар – 10 %

КОЈ ГО ПРОИЗВЕДУВА ШТЕТНИОТ НАРАТИВ?



ОДНОС НА НОВИНАРОТ КОН ШТЕТНИОТ НАРАТИВ



Го пренесува штетниот наратив без каква било интервенција – 95 %
Го одобрува – 3 %
Пренесува јасно, без да заземе став – 2 %

Во трите месеци кај Алмакос се забележени 62 објави со штетен наратив со кои пристрасно се селектира, неосновано се поттикнуваат поделби, но и се напаѓа личноста на политичките противници.

Најчесто штетните наративи се поврзани со теми од внатрешната политика, а поретко и со надворешната политика, корупцијата и правосудството.

Штетните наративи пренесени на Алмакос најчесто се однесуваат на ДУИ, потоа на Коалицијата „Европски фронт“, лидерите на ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ, и Коалицијата „Вреди“.

Најчест користен жанр е извештајот, а една третина се спакувани како пренесено соопштение. Веста е жанрот во околу една четвртина од прилозите во кои има штетен наратив.

Политичките актери се тие кои најчесто ги произведуваат штетните наративи, а многу малку ги произведуваат двајцата. При тоа, новинарот скоро во сите објави ги пренесува без никаква интервенција.

Прилозите најчесто едностарно информираат. Во над 90 % од прилозите консултиран е само еден извор. Изворите се прецизни во сите објави.

ШТЕТНИ НАРАТИВИ НА ВЕЧЕР.мк



НАЈЧЕСТИ ТЕМИ СО ШТЕТНИ НАРАТИВИ




ЗА КОГО НАЈЧЕСТО СЕ ЗБОРУВА И ВО КОЛКУ ПРИЛОЗИ/ОБЈАВИ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ?



БРОЈ НА ОБЈАВЕНИ ПРИЛОЗИ СО ШТЕТНИ НАРАТИВИ

За три месеци: 75 објави
Најмногу во април (29)



Интензитет на штетност:
1,5 индикатор за штетен наратив по прилог

БРОЈ И ВИД НА ПРЕНЕСЕНИ ШТЕТНИ НАРАТИВИ

Вечер за шест месеци во 75 објави пренеле штетни наративи 114 пати

*Во помал број пати се појавуваат и **Дезинформации, Странско влијание, Ширење паника, Манипулативна аудиовизуелна медиумска содржина** и **Говор на омраза** – вкупно **10 пати***



Во трите следени месеци, кај Вечер се забележени 75 објави со штетен наратив со кои неосновано се шират напади на лична основа, пристрасно се селектира, се поткопува довербата во институциите и медиумите и се поттикнуваат поделби.

Скоро 70 % од прилозите со штетни наративи се поврзани со темата внатрешна политика, а потоа и со криминал, правосудство, здравство, правосудство, надворешна политика и образование.

Штетните наративи пренесени на Вечер најчесто се однесуваат на СДСМ, Стево Пендаровски и Али Ахмети.

Над 70 % објавите користат пренесено соопштение и пренесен говор, како жанрови. Веста е присутна само во 11 % од прилозите со штетен наратив.

Блиску 70 % од штетните наративи ги креира политичарот, скоро една четвртина политичарот и новинарот заедно, додека 10 % самиот новинар. При тоа, новинарот најчесто ги пренесува со одобрување (81 %).

Скоро во сите објави информирањето е едностран и консултиран е само еден извор. Изворите се прецизни.


ПРОФЕСИОНАЛНИ НОВИНАРСКИ СТАНДАРДИ

БРОЈ НА ИЗВОРИ И ЗАСТАПЕНОСТ НА СТРАНИТЕ ВО ПРИЛОЗИТЕ/ОБЈАВИТЕ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ

Број на страни



Број на извори



ЖАНР НА ПРИЛОЗИТЕ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ



Пренесено соопштение – 40 %
Пренесен говор – 33 %
Вест – 11 %
Анализа/коментар, Интервју и други жанрови – сите заедно во 16 % од прилозите

КОЈ ГО ПРОИЗВЕДУВА ШТЕТНИОТ НАРАТИВ?



ОДНОС НА НОВИНАРОТ КОН ШТЕТНИОТ НАРАТИВ



Го одобрува – 81 %
Го пренесува штетниот наратив без каква било интервенција – 19 %

КУРИР.мк ШТЕТНИ НАРАТИВИ НА КУРИР.мк



НАЈЧЕСТИ ТЕМИ СО ШТЕТНИ НАРАТИВИ




ЗА КОГО НАЈЧЕСТО СЕ ЗБОРУВА И ВО КОЛКУ ПРИЛОЗИ/ОБЈАВИ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ?



БРОЈ НА ОБЈАВЕНИ ПРИЛОЗИ СО ШТЕТНИ НАРАТИВИ

За три месеци: 124 информативни содржини
Најмногу во април (54)



Интензитет на штетност:
2,3 индикатор за штетен наратив по прилог

БРОЈ И ВИД НА ПРЕНЕСЕНИ ШТЕТНИ НАРАТИВИ

Курир за шест месеци во 124 објава пренеле штетни наративи 280 пати

***Дезинформациите** и **Ширењето паника, страв и несигурност** се појавуле по **10 пати**, додека во помал број пати се појавиле и **Популизам, Теории на заговор, Странско влијание, Етноцентризам, Говор на омраза, Поттикнување екстремен патриотизам, Манипулативна аудиовизуелна медиумска содржина**.*



Во трите месеци кај Курир се забележени 124 објави со штетен наратив. Во овие објави со штетен наратив неосновано се поткопува довербата во институциите на системот, пристрасно се селектира и се поттикнуваат поделби

Во над четири петини од прилозите со штетни наративи главната тема е внатрешна политика, а потоа и на темите криминал, здравство, економија и правосудство.

Штетните наративи пренесени на Курир најчесто се однесуваат на Владата, Христијан Мицкоски, ВМРО-ДПМНЕ, Гордана Силјановска Давкова и Стево Пендаровски.

Над 70 % објавите се во форма на пренесено соопштение и пренесен говор, 10 % од прилозите се во форма на извештај а останатите жанрови се јавуваат во многу мал процент (по 1-2 прилози).

Најголемиот број од штетните наративи ги генерира политичарот. При тоа, новинарот најчесто ги пренесува без никаква интервенција, а ретко и го осудува.

Скоро во сите објави прикажувањето е едностранo и скоро за сите објави консултиран е само еден извор. Изворите се прецизни во најголемиот дел од објавите.

ПРОФЕСИОНАЛНИ НОВИНАРСКИ СТАНДАРДИ

БРОЈ НА ИЗВОРИ И ЗАСТАПЕНОСТ НА СТРАНИТЕ ВО ПРИЛОЗИТЕ/ОБЈАВИТЕ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ



ЖАНР НА ПРИЛОЗИТЕ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ



КОЈ ГО ПРОИЗВЕДУВА ШТЕТНИОТ НАРАТИВ?



ОДНОС НА НОВИНАРОТ КОН ШТЕТНИОТ НАРАТИВ



Го пренесува штетниот наратив без каква било интервенција – 95 %
Го осудува – 5 %

ШТЕТНИ НАРАТИВИ НА РЕПУБЛИКА онлајн



НАЈЧЕСТИ ТЕМИ СО ШТЕТНИ НАРАТИВИ



Внатрешна политика – 69 % Корупција – 11 %
Правосудство – 5 %

Преостанатите 15 % од прилозите се на теми здравство (2 објави), криминал (2 објави), надворешна политика (1 објава), социјална политика (1 објава), образование (1 објава) и други теми (2 објави).

ЗА КОГО НАЈЧЕСТО СЕ ЗБОРУВА И ВО КОЛКУ ПРИЛОЗИ/ОБЈАВИ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ?



БРОЈ НА ОБЈАВЕНИ ПРИЛОЗИ СО ШТЕТНИ НАРАТИВИ

За три месеци: 65 објави со штетен наратив
Најмногу во април (27)




Интензитет на штетност:
1,4 индикатор за штетен наратив по прилог

БРОЈ И ВИД НА ПРЕНЕСЕНИ ШТЕТНИ НАРАТИВИ

Република за шест месеци во 65 објави пренела штетни наративи 90 пати

По еднаш** се пренесуваат и штетните наративи **Дезинформации, Поттикнување екстремен патриотизам, Ширење паника, страв и несигурност и Странско влијание



Во трите месеци кај Република се забележени 65 објави, во кои неосновано се поткопува довербата во институциите на системот, се напаѓа личноста на политичкиот актер, се шири популизам, се поттикнуваат поделби и пристрасно се селектира.

Штетните наративи се поврзани со многу теми, но најчесто (во 70 % ос објавите) со внатрешна политика, а многу помалку и корупција, правосудство и дрго.

Штетните наративи пренесени на Република најчесто се однесуваат на Влада, СДСМ, ВМРО-ДПМНЕ, лидерот на ВМРО-ДПМНЕ, потоа на ДУИ и Стево Пендаровски.

Најчести жанрови се пренесено соопштение и пренесен говор.


Скоро сите штетни наративи ги создава политичарот, а потоа двајцата - политичарот и новинарот. При тоа, новинарот најчесто ги пренесува јасно но без заземање страна или без никаква интервенција, но во нешто повеќе од 10 % од објавите го пренесува и со одобрување.

Скоро во сите објави прикажана е само една страна и наведен е само еден извор. Во 1,5 % од објавите нема наведен извор Изворите се прецизни во најголемиот број објави.

ПРОФЕСИОНАЛНИ НОВИНАРСКИ СТАНДАРДИ


БРОЈ НА ИЗВОРИ И ЗАСТАПЕНОСТ НА СТРАНИТЕ ВО ПРИЛОЗИТЕ/ОБЈАВИТЕ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ

Број на страни



Едностарно – 98 %
Две страни – 2 %

Број на извори




Еден извор – 94 %
Два извори – 3 %
Три и повеќе – 1,5 %
Нема наведени – 1,5 %

ЖАНР НА ПРИЛОЗИТЕ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ



Пренесен говор на политичар – 52 % Пренесено соопштение – 28%
Вест или вест со изјава – 8 % Интервју – 8 % Друго – 6 %

КОЈ ГО ПРОИЗВЕДУВА ШТЕТНИОТ НАРАТИВ?



Само политички актер – 83 %
Двајцата – 12 %
Само новинар – 5 %

ОДНОС НА НОВИНАРОТ КОН ШТЕТНИОТ НАРАТИВ



Јасно го пренесува без да заземе страна – 48 %
Го пренесува штетниот наратив без каква било интервенција – 40 %
Го одобрува – 12 %

ШТЕТНИ НАРАТИВИ НА НОВА ТВ

НАЈЧЕСТИ ТЕМИ СО ШТЕТНИ НАРАТИВИ




0 Внатрешна политика – 86 % (12 објави) Други теми - 7 % (1 објава) 100
Надворешна политика – 7 % (1 објава)

ЗА КОГО НАЈЧЕСТО СЕ ЗБОРУВА И ВО КОЛКУ ПРИЛОЗИ/ОБЈАВИ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ?



БРОЈ НА ОБЈАВЕНИ ПРИЛОЗИ СО ШТЕТНИ НАРАТИВИ

За 6 месеци: 14 објави
Очигледен е тренд на намалување на објавите од март до мај.



Интензитет на штетност:
1,4 индикатор за штетен наратив по прилог

БРОЈ И ВИД НА ПРЕНЕСЕНИ ШТЕТНИ НАРАТИВИ

Нова за шест месеци во 14 објави пренеле штетни наративи 20 пати



Други наративи ***по еднаш***

Во три месеци кај Нова ТВ се забележени 14 објави, во кои се поттикнуваат поделби, се напаѓа личноста на политичкиот актер, пристрасно се селектира и се поткопува довербата во институциите и се шири популизам.

Штетните наративи во најголем број случаи се поврзани со внатрешната политика.

Штетните наративи пренесени на Нова ТВ најчесто се однесуваат на ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ и Гордана Силјановска Давкова.

Скоро сите од штетните наративи ги креира политичарот, сосема мал број е произведен од новинарот. При тоа, новинарот најчесто ги пренесува без никаква интервенција или јасно, но без заземање страна.

Според жанрот, нешто повеќе од третина од објавите се вест, а потоа во форма на пренесено соопштение додека другите форми се јавуваат во мал број случаи.

Во најголем случај од објавите прикажана е само една страна а над половина од објавите консултираат само еден извор. Во 10% од објавите нема наведен извор. Изворите се прецизни во сите објави.


ПРОФЕСИОНАЛНИ НОВИНАРСКИ СТАНДАРДИ

БРОЈ НА ИЗВОРИ И ЗАСТАПЕНОСТ НА СТРАНИТЕ ВО ПРИЛОЗИТЕ/ОБЈАВИТЕ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ

Број на страни



Број на извори



ЖАНР НА ПРИЛОЗИТЕ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ



Вест – 36 % Друго – 29 % Пренесено соопштение – 14 %
По еднаш се појавуваат и жанровите извештај, аналитичко-репортажен прилог и анализа/коментар – 21 % сите три

КОЈ ГО ПРОИЗВЕДУВА ШТЕТНИОТ НАРАТИВ?



ОДНОС НА НОВИНАРОТ КОН ШТЕТНИОТ НАРАТИВ



Го пренесува штетниот наратив без каква било интервенција - 80 %
Го пренесува штетниот наратив без да заземе страна– 6,5 %
Го одобрува – 6,5 %
Го осудува – 6,5 %

ШТЕТНИ НАРАТИВИ НА ЛОКАЛНО



НАЈЧЕСТИ ТЕМИ СО ШТЕТНИ НАРАТИВИ



Внатрешна политика – 77 %

Темите: корупција, криминал, правосудство, здравство и надворешна политика се појавуваат како главна тема во само по една објава, што вкупно чини 23 %, или по околу 4,5 % секоја од нив.


ЗА КОГО НАЈЧЕСТО СЕ ЗБОРУВА И ВО КОЛКУ ПРИЛОЗИ/ОБЈАВИ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ?



БРОЈ НА ОБЈАВЕНИ ПРИЛОЗИ СО ШТЕТНИ НАРАТИВИ

За три месеци: 22 објави

Графикон. Број на објави по месеци



Интензитет на штетност:
1.4 индикатор за штетен наратив по прилог

БРОЈ И ВИД НА ПРЕНЕСЕНИ ШТЕТНИ НАРАТИВИ

Локално за три месеци во 22 објави пренеле штетни наративи 30 пати




По еднаш** се појавуваат и штетните наративи: **дезинформации, странско влијание, ширење паника, популизам и манипулативна аудиовизуелна медиумска содржина.

ПРОФЕСИОНАЛНИ НОВИНАРСКИ СТАНДАРДИ


БРОЈ НА ИЗВОРИ И ЗАСТАПЕНОСТ НА СТРАНИТЕ ВО ПРИЛОЗИТЕ/ОБЈАВИТЕ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ

Број на страни



Едностарно – 50 %
Повеќе страни – 27 %
Две страни – 23 %

Број на извори




Со еден извор – 50 %
Со два извори – 36 %
Со три и повеќе – 14 %

ЖАНР НА ПРИЛОЗИТЕ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ



Вест – 27 %
Пренесено говор на политичар – 32 %
Пренесено соопштение – 18 %
Интервју – 14 %
Друго – 9 %

КОЈ ГО ПРОИЗВЕДУВА ШТЕТНИОТ НАРАТИВ?



Само политички актер – 92 %
Двајцата – 8 %

ОДНОС НА НОВИНАРОТ КОН ШТЕТНИОТ НАРАТИВ



Го пренесува штетниот наратив без каква било интервенција – 63 %
Го пренесува штетниот наратив без заземање страна – 23 %
Го одобрува - 4%

За три месеци, се проследени и се анализирани 22 објави со штетен наратив на Локално. Во нив најчесто се поткопува довербата во институциите, се напаѓа личноста на политичкиот актер и пристрасно се селектира.

Темите од објавите со штетни наративи се поврзани со внатрешна политика, корупција и криминал, а многу поретко се поврзани со надворешна политика, здравство, економија, потоа образование, социјална политика и правосудство.

Штетните наративи пренесени на Локално најчесто се однесуваат на ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ.

Над половина објавите се во форма на пренесено соопштение и пренесен говор, а една петина се во форма на вест. Меѓу жанровите се појавуваат интервју и извештај.


Скоро сите од штетните наративи ги произведува политичарот. При тоа, новинарот најчесто ги пренесува без никаква интервенција или јасно, но без заземање страна и во 4% од објавите и го одобрува.

Во најголем дел од објавите едностарно се информира и најчесто е консултиран само еден извир. Изворите се прецизни во најголемиот број објави.

ШТЕТНИ НАРАТИВИ НА НЕЗАВИСЕН



НАЈЧЕСТИ ТЕМИ СО ШТЕТНИ НАРАТИВИ




Во 11 % главната тема е поврзана со економија, криминал, социјална политика и правосудство.

ЗА КОГО НАЈЧЕСТО СЕ ЗБОРУВА И ВО КОЛКУ ПРИЛОЗИ/ОБЈАВИ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ?



БРОЈ НА ОБЈАВЕНИ ПРИЛОЗИ СО ШТЕТНИ НАРАТИВИ

За три месеци: 83 објави
Се бележи тренд на намалување на објавите од март до мај.



Интензитет на штетност:
2,1 индикатор за штетен наратив по прилог

БРОЈ И ВИД НА ПРЕНЕСЕНИ ШТЕТНИ НАРАТИВИ

Независен за шест месеци во 83 објави пренеле штетни наративи 176 пати



*Се појавуваат и **странско влијание, поттикнување екстремен патриотизам, напади на лична основа, теории на заговор, манипулативна аудиовизуелна медиумска содржина** и **дезинформации** – сите заедно **32 пати**, а поретко и **теории на заговор***

ПРОФЕСИОНАЛНИ НОВИНАРСКИ СТАНДАРДИ

БРОЈ НА ИЗВОРИ И ЗАСТАПЕНОСТ НА СТРАНИТЕ ВО ПРИЛОЗИТЕ/ОБЈАВИТЕ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ



ЖАНР НА ПРИЛОЗИТЕ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ



Пренесен говор на политичар – 45 %
Пренесено соопштение – 12 %
Аналитичко-репортажен прилог - 11%
Извештај – 11 %
Вест – 7 %
Анализа/коментар, коментар и други жанрови со помал број прилози – вкупно 14 %

КОЈ ГО ПРОИЗВЕДУВА ШТЕТНИОТ НАРАТИВ?



ОДНОС НА НОВИНАРОТ КОН ШТЕТНИОТ НАРАТИВ



Го пренесува штетниот наратив без каква било интервенција – 62 %
Го пренесува штетниот наратив без заземање страна – 15 %
Го одобрува штетниот наратив – 13 %
Го осудува штетниот наратив – 10 %

За три месеци, проследени се и анализирани се 84 објави со штетен наратив на Независен. Во нив најчесто се поткопува довербата во институциите, пристрасно се селектира, се шири паника, но и се поттикнуваат поделби и популизам.

Темите од објавите со штетни наративи најмногу се поврзани со внатрешна политика и во помал број се на тема надворешна политика, а уште поретко се поврзани со економија, криминал, социјална политика и правосудство.

Штетните наративи пренесени на Независен најчесто се однесуваат на ВМРО-ДПМНЕ, Христијан Мицкоски, Димитар Ковачевски, Влада, Стево Пендаровски, Гордана С. Давкова и СДСМ.

Најчесто жанровски, објавите се во форма на пренесен говор на политичар, потоа пренесено соопштени па дури потоа се во форма на извештај, аналитичко репортажниот прилог или вест.


Повеќе од две третини од штетните наративи ги произведува политичарот, една петина двајцата, а помал број е произведен од новинарот. При тоа, новинарот најчесто ги пренесува без никаква интервенција или јасно, но без заземање страна. Сепак во 13 % од објавите и го одобрува а во 10 % го осудува штетниот наратив.

Во најголем дел информирањето е едностранo со консултирање на само еден извор. Во 5 % од објавите нема наведено извори. Изворите се прецизни во најголемиот број објави.

СП. ШТЕТНИ НАРАТИВИ НА СЛОБОДЕН ПЕЧАТ



НАЈЧЕСТИ ТЕМИ СО ШТЕТНИ НАРАТИВИ



Внатрешна политика – 94%


Во останатите 6 % главната тема е поврзана со надворешна политика социјална политика и други теми.

ЗА КОГО НАЈЧЕСТО СЕ ЗБОРУВА И ВО КОЛКУ ПРИЛОЗИ/ОБЈАВИ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ?



БРОЈ НА ОБЈАВЕНИ ПРИЛОЗИ СО ШТЕТНИ НАРАТИВИ

За три месеци: 48 објави
Најмалку (11) објави има во мај.



Интензитет на штетност:
2,3 индикатор за штетен наратив по прилог

БРОЈ И ВИД НА ПРЕНЕСЕНИ ШТЕТНИ НАРАТИВИ

Слободен печат за три месеци во 48 објави пренеле штетни наративи 109 пати

*По помалку пати, вкупно **16 пати** се пренесени и **поттикнување екстремен патриотизам, странско влијание, теории на заговор, дезинформации** и **етноцентризам***



ПРОФЕСИОНАЛНИ НОВИНАРСКИ СТАНДАРДИ

БРОЈ НА ИЗВОРИ И ЗАСТАПЕНОСТ НА СТРАНИТЕ ВО ПРИЛОЗИТЕ/ОБЈАВИТЕ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ



ЖАНР НА ПРИЛОЗИТЕ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ



Извештај – 33 % Вест – 30 % Пренесен говор на политичар – 11 %
Пренесено соопштение – 9 % Анализа / коментар – 9 %
Аналитичко-репортажен прилог – 7 1 % друг жанр

КОЈ ГО ПРОИЗВЕДУВА ШТЕТНИОТ НАРАТИВ?



ОДНОС НА НОВИНАРОТ КОН ШТЕТНИОТ НАРАТИВ



Го пренесува штетниот наратив без заземање страна– 75 %
Го пренесува штетниот наратив без каква било интервенција – 24 %
Го осудува штетниот наратив – 1 %

Вкупно 48 објави со штетен наратив од март до мај 2024 година се забележани кај Слободен печат. Во нив најчесто се поттикнуваат поделби, се поткопува довербата во институциите, се шири популизам, но и пристрасно се селектира, се напаѓа личноста на политичкиот актер и се шири паника.

Штетните наративи најчесто се поврзани со внатрешната политика и во помал број се на тема криминал и правосудство. Сосема ретко се поврзани со образование, здравство, економија и надворешна политика.

Штетните наративи пренесени на Слободен печат најчесто се однесуваат на ВМРО-ДПМНЕ, Христијан Мицкоски, Стево Пендаровски, Димитар Ковачевски, Гордана С. Давкова и Али Ахмети.

Извештајот и веста се најчесто користените жанрови, потоа следат пренесен говор на политичар, пренесено соопштение, како и аналитичко-репортажниот прилог и анализа/коментар.

Речиси сите штетни наративи ги произведува политичарот, а новинарот најчесто ги пренесува јасно, но без заземање страна.

Во најголем дел од објавите прикажана е само една страна и наведен е само еден извор. Изворите се прецизни во 94 % од објавите.

ШТЕТНИ НАРАТИВИ НА А1ОН МК

НАЈЧЕСТИ ТЕМИ СО ШТЕТНИ НАРАТИВИ




ЗА КОГО НАЈЧЕСТО СЕ ЗБОРУВА И ВО КОЛКУ ПРИЛОЗИ/ОБЈАВИ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ?



БРОЈ НА ОБЈАВЕНИ ПРИЛОЗИ СО ШТЕТНИ НАРАТИВИ

За три месеци: 75 објави
Најмногу во април (33)




Интензитет на штетност:
1,5 индикатор за штетен наратив по прилог

БРОЈ И ВИД НА ПРЕНЕСЕНИ ШТЕТНИ НАРАТИВИ

А1он.мк за три месеци во 75 објави
пренел штетни наративи 116 пати

***Поттикнување екстремен патриотизам и Етноцентризам** – по **6 пати** (заедно 12 пати)*
*Се јавуваат вкупно **6 пати** и **странско влијание, теории на заговор** и **дезинформации***




ПРОФЕСИОНАЛНИ НОВИНАРСКИ СТАНДАРДИ

БРОЈ НА ИЗВОРИ И ЗАСТАПЕНОСТ НА СТРАНИТЕ ВО ПРИЛОЗИТЕ/ОБЈАВИТЕ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ



ЖАНР НА ПРИЛОЗИТЕ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ



КОЈ ГО ПРОИЗВЕДУВА ШТЕТНИОТ НАРАТИВ?



ОДНОС НА НОВИНАРОТ КОН ШТЕТНИОТ НАРАТИВ



За три месеци, проследени се и анализирани се 75 објави со штетен наратив на А1Он.мк. Во нив најчесто се поткопува довербата во институциите, пристрасно се селектира, се напаѓа личноста на политичкиот актер и истовремено се шири паника и страв.

Темите од објавите со штетни наративи се: најмногу внатрешна политика и во помал број на тема економија и надворешна политика, а многу поретко се поврзани со здравство, криминал, корупција и правосудство.

Штетните наративи пренесени на А1ОН.мк најчесто се однесуваат на ВМРО-ДПМНЕ, , Христијан Мицкоски, ДУИ, СДСМ, Димитар Ковачевски, Стево Пендаровски, Влада и Гордана С. Давкова.

Најчесто, објавите се во форма на пренесено соопштение и пренесен говор на политичар, а во многу мал процент и вест и интервју.

Речиси сите штетни наративи ги креира политичарот. При тоа, новинарот најчесто ги пренесува јасно, но без заземање страна или без никаква интервенција.

Објавите информираат едностарно и консултираат само еден извор. Изворите се прецизни во сите објави.

ШТЕТНИ НАРАТИВИ НА МКД.МК



НАЈЧЕСТИ ТЕМИ СО ШТЕТНИ НАРАТИВИ




Внатрешна политика – 77 %
Корупција – 7 %
Правосудство – 5 %

Во преостанатите 12% главната тема е поврзана со социјална политика, криминал, надворешна политика, социјална политика и образование.

БРОЈ НА ОБЈАВЕНИ ПРИЛОЗИ СО ШТЕТНИ НАРАТИВИ

За три месеци: 43 објави
Најмалку (9) објави има во април, а најмногу (20) во март



Интензитет на штетност:
1,2 индикатор за штетен наратив по прилог

ЗА КОГО НАЈЧЕСТО СЕ ЗБОРУВА И ВО КОЛКУ ПРИЛОЗИ/ОБЈАВИ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ?



БРОЈ И ВИД НА ПРЕНЕСЕНИ ШТЕТНИ НАРАТИВИ

МКД.мк за три месеци во 43 објави пренеле штетни наративи 51 пат



Поткопување доверба во институциите на системот
Поттикнување поделби
Напади на лична основа

За три месеци, проследени се и анализирани се 43 објави со штетен наратив на МКД.мк. Во нив најчесто се поткопува довербата во институциите, се поттикнуваат поделби и се напаѓа личноста на политичкиот актер.

Темите од објавите со штетни наративи се: најмногу внатрешна политика и многу поретко на тема корупција и правосудство.

Штетните наративи пренесени на МКД.мк најчесто се однесуваат на ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ и ДУИ.

Најчесто, објавите се во форма на пренесено соопштение, потоа извештај, а во 27 % се во форма на пренесен говор на политичар.


Сите штетни наративи ги произведува политичарот. При тоа, новинарот секогаш ги пренесува без никаква интервенција.

Во најголем дел од објавите прикажана е само една страна и наведен е само еден извор. Изворите се прецизни во речиси во сите објави.

ПРОФЕСИОНАЛНИ НОВИНАРСКИ СТАНДАРДИ


БРОЈ НА ИЗВОРИ И ЗАСТАПЕНОСТ НА СТРАНИТЕ ВО ПРИЛОЗИТЕ/ОБЈАВИТЕ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ

Број на страни



Едностранo – 95 %
Две страни – 5 %

Број на извори




Со еден извор – 83 %
Со два извори – 12 %
Со три и повеќе – 5 %

ЖАНР НА ПРИЛОЗИТЕ СО ШТЕТЕН НАРАТИВ



Пренесен говор – во 37 % од објавите со штетен наратив
Пренесено соопштение – во 35 %
Извештај – во 28 %

КОЈ ГО ПРОИЗВЕДУВА ШТЕТНИОТ НАРАТИВ?



Само политички актер – 100 %

ОДНОС НА НОВИНАРОТ КОН ШТЕТНИОТ НАРАТИВ




Го пренесува штетниот наратив без каква било интервенција – 100%

Сличности и разлики меѓу онлајн медиумите во однос на штетните наративи

Број на прилози за три месеци

Од мониторираните 11 онлајн медиуми, најголем број прилози/објави со штетни наративи во текот на трите месеци се утврдени кај: Курир (124 прилози), Независен (84), А1он.мк (75) и Вечер.мк (75). Најмалку има кај Нова ТВ (14 објави). Разликата меѓу онлајн медиумот со најмалку објавени прилози со штетен наратив (Нова ТВ – 14 прилози) и онлајн медиумот со најмногу објавени прилози со штетен наратив (Курир – 124 прилози) изнесува 110 прилози.



Слика бр. 47 Број на објави со штетен наратив според онлајн медиум


Број на штетни наративи во прилозите за шест месеци

Сличен е распоредот на онлајн медиумите и според бројот на присутни штетни наративи. Разликата меѓу онлајн медиумот чии прилози содржат најмалку штетни наративи (Нова ТВ – 20) и онлајн медиумот чии прилози содржат најмногу штетни наративи (Курир – 280) изнесува 260 штетни наративи. Ако ги категоризираме според присутност на штетни наративи може да се добијат 4 категории според присуството на штетни наративи:

1. Онлајн медиуми **со екстремно висок број присутни штетни наративи** во прилозите (над 200 штетни наративи) - Курир (280)
2. Онлајн медиуми со **многу висок број присутни штетни наративи** во прилозите (101 – 200 штетни наративи) – Слободен печат (109), Вечер мк (114), А1он (116) и Независен (176)

3. Онлајн медиуми со многу **висок број присутни штетни наративи** (70 – 100 штетни наративи) – Алмакос (70), Тетова сот (75) и Република (109)

4. Онлајн медиуми со **релативно умерен број присутни штетни наративи** во прилозите (до 70 штетни наративи) – Нова ТВ (20), Локално (30) и Мкд.мк (51)



Слика бр. 48 Колку пати се пренесени штетни наративи според онлајн медиум


Споредби по интензитет на штетност

Ако се оди уште подлабоко и се разгледа колку штетни наративи содржи еден прилог објавен од онлајн медиумот, состојбата се менува. Слободен печат и покрај тоа што има помал број објави и е некаде во средината на скалата по вкупниот број присутни штетни наративи, според соодносот на штетните наративи во објавите, се наоѓа највисоко според штетност. Друго значајно поместување има кај Нова ТВ која се искачува во групата со висок интензитет на штетноста. Благи поместувања се забележуваат кај повеќето онлајн медиуми кога се гледа интензитетот на штетноста. Разликата меѓу онлајн медиумот со најнизок интензитет на штетност (Алмакос – 1,1) и онлајн медиумот со највисок интензитет (Слободен печат – 2,3) изнесува 1,2. Така, според интензитетот на штетните наративи може да се разликуваат 3 категории на онлајн медиумите:

1. Онлајн медиуми со **релативно умерен интензитет на штетност** (1,1-1,2) – Алмакос (1,1), Мкд.мк (1,2) и Тетова Сот (1,2). Кај овие медиуми во еден прилог во просек е присутен еден штетен наратив.

2. Онлајн медиуми со **висок интензитет на штетност** (1,4-1,5) – Ова е најмногубројната група, во која се: Локално (1,4), Република (1,4), Нова ТВ (1,4), Вечер мк (1,5) и А1он (1,5). Во просек во еден прилог кај овој медиум присутни се 1,5 штетни наративи

3. Онлајн медиуми со **многу висок интензитет на штетност** (над 2) – Независен (2,1), Курир (2,3) и Слободен печат (2,3). Кај овој медиум во еден прилог присутни се најмалку 2 штетни наратива.



Слика бр. 49 Интензитет на штетност според онлајн медиум

Сепак, споредено со претходниот шестмесечен анализиран период, се забележува пад во „штетноста“ на објавите на онлајн медиумите, во просек од еден штетен наратив по прилог. Тоа се забележува и кај најнискиот и кај највисокиот поен на интензитет (во шестмесечниот најнискиот поен на интензитет изнесуваше 1,5, а највисокиот 3,6).

Споредби по вид на штетни наративи

Трите штетни наративи коишто се најчесто присутни кај сите 11 онлајн медиуми, како и во претходниот шестмесечен период, се:

- Штетен наратив *Поткопување на довербата во институциите и медиумите*
- Штетен наратив *Пристрасно селектирање* и
- Штетен наратив *Напади на лична основа*

Сепак, во последното анализирано тромесечје, се појавуваат два штетни наратива коишто не беа во првите пет во претходниот период. Тоа се *поттикнување поделби и ширење паника, страв и несигурност.* Овие два наратива кај некои од онлајн медиумите се појавуваат во првите три-четири најчесто присутни штетни наративи.

Кај шест (Тетова сот, Република, Локално, Независен, А1он и МКД.мк) од 11-те онлајн медиуми на прво место, односно најчесто присутен штетен наратив е *поткопување на довербата во институциите и медиумите*. Кај два онлајн медиума (Алмакос и Курир), *пристрасното селектирање* е најчестиот штетен наратив, кај други два (Нова и Слободен печат) - *поттикнување поделби*, додека *напади на лична основа* најчест е кај еден медиум (Вечер Мк). Штетниот наратив *поттикнување поделби* е присутен кај сите онлајн медиуми во првите четири места.

Штетниот наратив *ширење паника, страв и несигурност* се јавува како трет по присутност кај А1.он и Независен, додека кај Курир четврти и кај Слободен печат како петти по зачестеност.

Споредба во однос на тоа кој го произведува наративот



Најчестиот производител на штетниот наратив без исклучок, кај сите 11 онлајн медиуми, е политичкиот актер (процентите се движат од Вечер: 67 % - МКД.мк: 100 %). Кај Вечер мк, Нова ТВ и Независен во 23 %, односно 22 % и 20 % соодветно од штетните наративи ги произведуваат и новинарот и политичкиот актер. Вечер мк, бележи најголемо учество на новинарот (10 %), потоа Независен (9 %) и Курир (8 %). Алмакос, Слободен печат и Мкд.мк се онлајн медиуми каде новинарот нема произведено штетен наратив.

По деветмесечниот мониторинг, анализите укажуваат на неколку важни сознанија во однос на онлајн медиумите:

- Онлајн медиумите и во последното тромесечје го продолжуваат трендот на „најголеми произведувачи или преносители“ на штетни наративи во јавниот дискурс. Освен кај лидерите на политичките партии, онлајн медиумите бележат просечно месечно зголемување на објавите со штетен наратив во последниот анализиран период, од март до мај 2024. Април е месецот со најголем број објави за сите анализирани онлајн медиуми, без исклучок, во овој деветмсечен период;

- Сепак, постои намалување и во бројот на пренесени штетни наративи и во интензитетот на штетноста споредено со претходниот шестмесечен период, што можеби се чини изненадувачки имајќи предвид дека последното тромесечје беше период на пред избори и избори, време во кое се очекува да се интензивираат штетните наративи;

- Видно е поместувањето во првите три до четири најчесто користени штетни наративи во овој предизборен – изборен период. Имено, покрај доминирањето на штетните наративи *поткопување на довербата во институциите и пристрасното селектирање,* во првите три места се појави наративот *поттикнување поделби, но и ширење паника, страв и несигурност.* Овие два наратива беа забележани како почесто користени и во прилозите на ТВ-станиците, што потврдува дека се рефлексија на наративите на политичките актери;

- Кај сите онлајн медиуми има голем раст на штетните наративи насочени кон внатрешната политика (во просек околу 20 %, а кај некои медиуми и до 30 %) и почестото јавување на темите криминал и правосудство, за разлика од претходниот период;

- Споредено со претходниот период, во последното тромесечје, речиси да нема промени во однос на тоа кој го произведува штетниот наратив, колку балансирано се известува, односно колку страни се претставени и колку извори се консултирани при пренесувањето на информациите, ниту пак има значајни разлики во најчесто користениот жанр – остануваат да „водат“ пренесениот говор на политичар и пренесеното соопштение за јавност од политичките партии.



Институт за комуникациски студии

ШТЕТ-НА

НЕ ВЕРУВАЈ ПРОВЕРУВАЈ! #користифакти

www.iks.edu.mk
info@iks.edu.mk

British Embassy Skopje

UKaid from the British people

Ова истражување е спроведено во рамки на проектот „Употреба на новинарство засновано на факти за подигање на свеста и спротивставување на дезинформациите во медиумскиот простор во Северна Македонија“ финансиран од Владата на Обединето Кралство, со поддршка на Британската амбасада Скопје. Мислењата и ставовите наведени во оваа содржина не ги одразуваат секогаш мислењата и ставовите на Британската Влада.

